**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2003 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Дваесет и втората седниц ана Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Иванова, Анѓелка Пеева -Лауренчиќ, Весна Борозан, Марјан Ѓорчев, Ѓорѓи Оровчанец, Никола Груевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуеле, Ганка Самоиловска-Цветанова, Стојан Андов, Љубе Бошковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам вклучете го системот за гласање да видиме колку картички има.

66 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

По повод донесувањето на Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција, експлозивни материи и за легализација на оружјето, пратеникот Стојан Андов поднесе заклучок кој Ви е поделен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 20 пратеници.

Констатирам дека предложениот заклучок не е усвоен.

Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со прелдогот на закон , извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за Републичкиот судски совет и немаше да биде ништо спорно ако тој Предлог не добиеше еден амандман деновиве поднесен од група пратеници од СДСМ, ЛДП и ДУИ, со кој амандман битно се менува содржината на предложениот закон за измена на Законот за Републички судски совет и каде се предвидува предвремено пензионирање односно предвремен престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет за оние кои го исполнуваат условот за пензионирање, а во амандманот 2 на сите членови им престанува работниот стаж во Републичкиот судски совет.

Немаше ништо да биде спорно затоа што тој Предлог закон го разгледувавме и на ЗПК и дадовме виза за тој закон, меѓутоа, спорноста односно играта на СДСМ се состои во тоа на група пратеници што дополнително беше поделен амандманот со кој битно се менува содржината на така гледаниот Предлог закон на ЗПК.

Имено, сакаа на едн начин со некакво изненадување да не фатат на препад затоа што веќе тој закон беше разгледуван пред скоро еден месец и беше повлечен од страна на предлагачот, тогаш предлагач беше Владата како и сега, меѓутоа, сега е најдена друга форма, друга игра за да помине со таква содржина и со една единствена цел. Целта е да се избрише персоналниот состав на Републичкиот судски совет, а зошто да се избрише тој персонален состав тоа значи да се востанови еден нов состав кој ќе биде по мерка и по волја на владеачкото парламентарно мнозинство на кој начин ќе се има дирекно влијание во третата независна власт односно судската власт.

Ова е уште еден еклатантен пример на уништувачкиот поход на СДСМ против ВМРО-ДПМНЕ и се она што е создадено и конституирано во времето на власта на ВМРО-ДПМНЕ тој дух на нихилизам против се она што ВМРО-ДПМНЕ го има направено за време на своето владеење во минатиот мандат продолжува и на овој начин со перфидна игра на владеачкото мнозинство и со влегување во чекори на

работата на ЗПК со предлагање во една меѓуфаза помеѓу третманот на законот на ЗПК и на Пленарната седниц ана Собранието да се поднесе амандман со кој битно се менува содржината на тој закон.

Такви примери на нихилистички пристап на СДСМ кон се она што е создадено вов ремето на ВМРО-ДПМНЕ и кон се она од сите оние институции што се конституирани персонално во времето на ВМРО-ДПМНЕ имаме многу примери на претворање на институциите и на правнит еинститути во функција на СДСМ како што е на пример правниот институт - притовр се претвора во казнена мерка затвор, како што на почетокот беше неприфаќање на ниту еден член во управните одбори на јавните здравствени организации од страна на опозицијата како што е масовното отпуштање од работа во јавните претпријатија и во органите на управа на луѓе кои се примени на работа во времето на ВМРО-ДПМНЕ и т.н. и т.н.

Денеска обидот да се избрише персоналниот состав на Републичкиот судски совет е втор обид , бидејки првиот обид под влијание на правната и научната јавност во Република Макеоднија беше спречен, па би рекол и под влијание на претставници на Меѓународната заедница кои будно ги следат потезите и чекорите на новата власт на СДСМ и ДУИ беше спречен, но сега се најде друга форма и мислам дека овој обид, оваа форма нема да ги замагли очите и на правната научна јавност во Република Макеоднија, па и на претставницит ена Меѓународната заедница, бидејки истите ќе знаат да ја прочитаат оваа перфидна игра и да извлечат правилен заклучок, всушност што е целта на промената на Законот за Републичкиот судски совет. Најважната цел е да се смени персоналниот состав на Републичкиот судски совет за да новиот состав се доведе во функција на исполнување на желбите на СДСМ во предлагањето и разрешувањето на судии, што значи директно мешање во функционирањето на судството односно на третата независна судска власт.

Се сака да се прикаже една работа, а целта е сосема друго. Наводно се работи за некаква имплементација на Рамковниот договор што воопшто не е точно за воља на вистината за македонската јавност амандманот 14 е вклопен , вграден и е составен дел на Уставот на Република Македонија така да се прикажува дека се работи за инкорпорирање на Рамковниот договор односно имплементирање , со донесување на овој закон за измена на Законот за Републичкиот судски совет е ноторна лага, ноторна научна невистина, бидејки амандманот 14 е позитивен пропис на Република Макеоднија, бидејки е составен дел и ние го изгласавме во ова Собраие тој уставен амандман.

Образложението дека се работи за имплементација на Рамковниот договор е сосема неточно и не држи, но се работи за она што пред малку го зборував. Целта е да се смени целокупниот персонален состав на Републичкиот судски совет и нормално по волја на актуелното парламентарно мнозинство да се избере нов состав на Републичкиот судски совет кој ќе биде по волја на новото парламентарно мнозинство.

Постојат неколку важни правни аргументи кои во целост го побиваат овој начин на промена на составот на Републичкиот судски совет односно промената на обидот да се смени Уставот на РМ на неуставен начин односно со закон да се смени Устав.

Ако се сака да се дојде до таа цел, патот е единствен и тој е со промена на Уставот на РМ да се вметне одредба за процедура на промена на Уставот, да се вметне престанок на функцијата на член на Републичкиот судски совет ако истиот ги исполни условите за старосна пензија. Меѓутоа, уставната позиција на Републичкиот судски совет е целосно дадена во членот 104 од Уставот на РМ и таму не стои ништо друго освен ова што јас сега ќе ви го прочитам.

“ Републичкиот судски совет го сочинуваат 7 членови,

Собранието ги избира членовита на Советот.

Членовите на Советот се избираат од редот на истакнатите правници за време од 6 години со право на уште еден избор”.

Понатаму ги набројува надлежностите значи никаде не стои одредба дека член на Републичкиот судски совет се разрешува од функцијата ако истиот ги исполни условите за старосна пензија.

Образложението за вметнување на овој амандман во Предлог законот за измена на Законот за Републичкиот судски совет е дека Републичкиот судски совет односно одредбите се наоѓале во иста глава каде што се наоѓаат одредбите за судството, а во одредбите за судството е пропишано дека меѓу другото на судиите им престанува судската функција ако ги исполнат условите за старосна пензија.

Ова не треба да се прифати како аргумент на предлагачите на амандманто затоа што Републичкиот судски совет не е суд. Тој не учествува во таканаречено право раздавање како што учествуваат судовите таа е посебна државна институција, орган кој има своја надлежност точно и децидно определена и пропишана со Уставот на РМ , а се состои во предлагање и избор и разрешување на судии од судиската функција.

Тоа што се ставени едно до друго во Уставот и за Републичкиот судски совет и за судовите не дава за право Републичкиот судски совет да се третира како судски орган и по аналогија да се толкува дека со оглед на тоа дека на судиите им престанува судиската функција  ако заминат во старосна пензија, дека тоа се однесува и на членовите на Републичкиот судски совет.

Ова уште пвоеќе затоа што во ставот 3 на членот 104 децидно и јасно стои одредба каде вели "членовите на Советот се избираат од редот на истакнатите правници". Јас би кажал дека множеството истакнати правници е големо множество кое во себе содржи едно подмножество. Подмножеството на множеството истакнати правници е истакнати правници кои исполниле услови за старосна пензија. Ако во Уставот во членот 104 став 3 стои така широка одредба од која можат да се црпат кандидати за избор на членови на Републичкиот судски совет без ограничување, без исклучување н аоние што ги исполниле условите за старосна пензија, тогаш да се ограничува мандатот на веќе избраните од тоа широко множество да бидат разрешени ако ги исполниле условите за старосна пензија е во тотална спротивност и нелогичност со таквата уставна одредба која допушта и единствен услов предвидува за избор на член на Републичкиот судски совет да биде избран истакнат правник. Не се зборува ни дали е стар, ни дали е млад, ни дали има правосуден испит или нема, ни дали е професор на факултат, дали има докторска титула или магистерска. Значи, единствениот услов е член од редот на истакнати правници.

Тоа се правните аргументи кои со овој предлог амандман, кој во суштина го менува текстот на Предлогот на законот за измена на Законот за Републички судски совет и го прават целиот закон, во случај да биде прифатен таквиот амандман од парламентарното мнозинство комплетно во функција на дневна политика на една политичка партија односно на повеќе политички партии кои се на власт и го прават неуставен тој закон односно таа одредба, ако се усвои овој амандман од законот.

Апелирам до македонската правна, научна јавност, до пратениците да не ја прифатат оваа игра, бидејќи таа е веќе разоткриена, дезавуирани се и предлагачите и намерите и целите на предлагачите и пред внатрешната и пред меѓународната јавност и пред претставниците на меѓународната јавност. Да го повлечат тој амандман за да ја скратат овде и дебатата и го изгласаме овде законот онака како што е даден во првична форма, во форма што беше без овој амандман. На тој начин ќе се задоволи и вистината и науката и би било целисходно во интерес на времето на оваа пленарна седница.

Постои уште аргумент кој не допушта да се смени Уставот со закон, на незаконски, на нелегален начин. Тоа е една одлука на Уставниот суд, која одлука станува задолжителна за сите случаи понатаму што се слични во практиката и што се поставуваат пред Уставниот суд.

Имено, Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија објавена во “Службен весника на Република Македонија” број 26/93 од 29.04.1993 година со која Одлука Уставниот суд е укината како недозволена одредбата од член 7 од Законот за Републички судски совет во која беше направен обид со закон да се регулира структурата на Републичкиот судски совет. Со укинатата одредба беше пропишано дека четворица од членовите на Советот се избираат од редот на судиите, а тројца членови од другите институции и дејности.

Значи, и тогаш постоел обид да се ограничи кругот од кој би биле избрани членовите на Републичкиот судски совет. Значи обидот е наместо како што стои во постојната одредба “од редот на истакнати правници”, се направил обид да се избираат членовите четворица од редот на судиите, а тројца членови од редот на другите институции и дејности. Уставниот суд таа законска одредба ја оцени како неуставна и со своја одлука ја укинал. Тоа упатува дека и денешниот обид да се смени уставната одредба каде што стои дека членовите на Републичкиот судски совет се избираат од редот на истакнати правници да се ограничи и да не им биде дозволено на истакнатите правници што ги исполниле условите за старосна пензија да учествуваат во изборот. Тоа е исто така неуставно по таа логика и по таа аналогија како што е цитираната Одлука на Уставниот суд.

Јас засега имам толку и апелирам да се свати озбилноста и сериозноста на состојбите, бидејќи да се ништат институциите во оваа смисла, да се менува персоналниот состав само затоа што е избран во времето на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека е непримерно и за внатрешната и за меѓународната јавност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во еден момент јас нема да знам кој е на ред ако продолжите секоја секунда тројца од пратениците да се натпреварувате кој ќе зборува последен. Знаете за кој зборувам.

Има збор г. Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас лично, а и пратеничката група на ЛДП, која всушност е и потпишана на овој амандман сметаме, за разлика од претходниот дискутант дека предложениот закон односно Предлогот на измените на законот и амандманите кои се предлагаат на член 1 и член 2, член 1 и член 1-а, со тоа што амандманот на член 2 всушност претставува една преодна одредба и претставува операционализација на претходниот амандман и на севкупниот закон. Доста опширно е напишано во образложението на амандманот, па затоа ќе се задржам само на првиот амандман, бидејќи јасно е дека вториот амандман е во функција на првиот амандман.

Сметам дека со предложениот закон и амандманот се врши фактички прецизирање на законот, а никако не може да се тврди како што господинот Краљевски тврдеше дека со ова всушност се ...

(Во моментот поголем пратеници меѓусебно разговараат).

Претседателе, се извинувам, бидејќи има малку галама ако може малку да интервенирате.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжете вие со дискусија.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам.

Всушност г. Краљевски тврдеше ако евентуално се усвои овој амандман ќе се прекрши Уставот бидејќи во Уставот никаде не стоело дека Републичкиот судски совет се разрешува. Но токму никаде не стои дека не може да се разреши односно дека не може со закон да се прецизира разрешувањето на судството. Значи имаме сосема два различни пристапи во толкувањето. Не можеме да тврдиме дека она што не е предвидено во Уставот не може да се разработи во закон. Напротив, почитувани колеги пратеници, Уставот како највисок политички правен акт дава една општа правна рамка која се разработува во Законот. Во Уставот никаде не стои дека е забрането да се прецизира со закон. Во конкретниот случај се работи за пензионирање на членовите на Републичкиот судски совет кои се преку 65 години односно исполнување на услов за старосна пензија. Оттаму не треба да се тврди дека е ова некој обид за упад во судскиот систем итн. Самиот факт што оваа коалиција, овој Парламент не извршил разрешување на ниту еден претседател на Општински суд или Апелационен на кого не му е истечен мандат, иако имаше обиди во претходното парламентарното мнозинство токму обратното да се случува,

укажува дека оваа коалиција, а верувам и вие господо од опозицијата ќе се бори за независноста на судството. Во таа смисла постигнавме веќе консензус дека независниот судски буџет ќе значи еден крупен чекор кон самостојноста на судството. Тука имаме апсолутно консензус и ние како позиција, било Владата, било пратениците воопшто не негиравме дека се тоа резултати од претходната и претходните други Влади и Парламенти. Еден долг пат од 12 години, кој што треба да се реализира оваа година, или во наредните години околу зајакнување на независната положба на судството треба да биде всушност успех. Но не само успех, туку и обврска за овој Парламент и обврска за оние што ги носат јавните функции да избере независно и самостојно судство затоа што еден од условите кон приближувањето на Евроатланската интеграција е токму и независното судство. Работејќи на тоа ние покажуваме дека сме навистина за судството и не држат аргументите што ги кажа господинот Краљевски дека претставува некој обид за упат во судскиот систем.

Исто така, во образложението е објаснето дека Судскиот совет како дел од правосудниот систем, Законот има право да ја предвиди судбината на Судскиот совет да биде адекватна и компатабилна со севкупното судство. Тука е сосема во ред, бидејќи не само нормативно, како што е кажано во образложението дека главата во Уставот и одредбите во Уставот кои го одредуваат судството и положбата на судството, улогата, надлежностите на судството токму ја уредува и положбата на Републичкиот судски совет. Повикувањето на други институции како пратеници, министри воопшто не држи бидејќи овде се работи чисто за судството. Како што беше кажано не може со аналогија да се толкува Уставот, напротив во правото знаете дека постои аналогија. Токму таа аналогија ...

(Реакција на некои пратеници).

Господинот Краљевски и вие г. Караџовски претпоставувам дека сте правник и дека една од основните лекции во правото е дека постојат неколку вида на толкувања каде што и аргументум аконтрариум е аналогија итн. Не можете да кажете по аналогија, туку напротив Републичкиот судски совет треба да ја дели судбината на севкупното судство.

Да се повикуваме на некоја одлука на Уставниот суд и да кажеме дека таа важи за сите идни случаи е сосема погрешно и погрешна. Имено, одлука на Уставниот суд важи само за конкретна одредба доколку се укинува некоја одредба или во целост некој закон. Ако се укинува еден член, се укинува тој член. Не можеме да кажеме дека важи за сите слични случаи и дека сите слични случаи, одредби во

закони би требало да бидат укинати. Токму тоа е спротивното толкување. Таа важи за конкретна одредба и за конкретен случај. А уште попогрешно е да се тврди дека Одлуката на Уставниот суд важи за случаи во иднина. Тоа го нема во ниту еден правосуден систем. Постои нешто сосема друго - судска пракса каде што одлуките на Врховниот суд укажуваат на одредени решенија кои не се задолжителни за пониските судови. Тоа е сосема нешто друго. И таму нема задолжителност, но во случаите на одлуките на Уставниот суд, било да се работи за одлуки, решенија, да се тврди дека во иднина ќе важи тоа е навистина сосема погрешна теза.

Впрочем почитувни колеги, единствено мериторен орган кој што ја толкува уставноста на законите односно на одредени одредби на законите, бидејќи се оспорува од страна на опозицијата само една одредба укажува на тоа дека тој може само ако некој побара, овластен предлагач или некој поднесе иницијатива, затоа што постојат неколку начини да се иницира постапка пред Уставниот суд и дури кога ќе заврши мериторно, кога ќе одлучи судот конечно, дури тогаш може да се тврди дека одредбата е неуставна или незаконска. Да тврдиме вака паушално однапред навистина не е во ред бидејќи тоа е тој суд кој што ќе го каже конечниот збор.

На крајот да заклучам. Не треба да се верува дека е некој упад, дека е политизирање на случајот. Се работи за еден единствен амандман со кој што членовите на Републичкиот судски совет поради исполнување на условите на старосна пензија се изедначува со сите други избрани судски функционери, и во Врховниот суд, каде имаме угледни правници, професори итн, како и во Републичкиот судски совет. Затоа мислам дека треба да пристапиме пред се овде со правни аргументи, а не политички. Правните аргументи укажуваат на тоа дека може да се разработи Уставот со закон, бидејќи никаде во Уставот не е забрането на ваков начин да има решение. Каде би се довеле кога било која норма, не само уставна норма не може да го регулира во целост животот, а најмалку Уставот кој што дава едни правни рамки каде што се дава можност Законот да го разработи Уставот, како и во секој закон. Во мнозинство закони постои можност со подзаконски акти, за да на крај компатабилноста на целиот правен систем се цени пред оној орган кој што е надлежен. Затоа ве уверувам дека нема политизација на случајот и ве повикувам пред се во оваа расправа, нема потреба од политизација туку да употребиме правни аргументи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави г. Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас нема да реплицирам со сите искажани ставови на г. Зоран Шапуриќ, но последното ми остави впечаток дека наводно јас сум искажал да не може да се разработува со закон некоја уставна одредба. Напротив се разбира дека може секогаш да се разработува и да се доработува со закон било каква уставна норма, меѓутоа не со закон да се менува уставна норма. Тоа го тврдам и цврсто стојам на тој став. Со закон никаде во светот не може да се промени Уставот, а овде се прави обид со закон да се промени децидна уставна норма која вели дека не може, не е дозволено..., уставната норма вели дозволено е и од редот на истакнати правници кои ги исполниле условите за старосна пензија да бидат избрани за членови на Републичкиот судски совет. Тоа е уставната норма обратно кажано, а никаде не реков јас во мојата дискусија дека не е дозволено уставната норма да се разработува и обработува со закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Шапуриќ се јави за реплика.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Кажав г. Краљевски дека законот е тој кој што ја разработува уставната норма и дека е тоа дозволено. Конкретниот амандман ја разработува уставната норма, а не го менува Уставот. Цитатот не ви беше сосема точен, малку беше изврттен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се надевам дека на оваа седница ќе се понудат правни аргументи за она што се предлага, а искажувањето дека некој зборувал правно, а не политички навистина сите правници можат да го оценат. Меѓутоа, не навлегувајќи во претходните искажувања сакам да напомнам неколку работи кои се битни. Една страна би била стручниот аспект на проблемот, а друга страна би била политичките аспекти на предлагањето на овој амандман.

Имено, ние знаеме дека за седницата на 25.02. Владата предложи закон во кој што беше инкорпориран истиот овој член кој што е предложен во вид на амандман на оваа седница. Владата го повлече тој Предлог на закон со образложение дека треба да се доработи, преработи и бидејќи имаше сомнеж кој што произлегуваше од јавната расправа за уставноста на предложените измени на законот. Тогаш Предлогот на законот беше доставен до Собранието по итна постапка и исто така беше повлечен, бидејќи исто така беше итен како што беше и итно повлечен. Меѓутоа, сега повторно се доставува до Собранието и повторно по итна постапка. Дали ова значи дека Владата заради политичките потреби се однесува несериозно кон ова Собрание, или пак зборуваме за дневно политички потреби зависно од состојбата односно изигрување на парламентарното малцинство односно опозицијата со ставање на маса на почетокот на самата седница амандман кој што дирекно задира во уставните одредби и кој што директно во суштина претставува израз на потребата да владее политиката наместо да владее правото. Наместо уставност и законитост со овој закон и со предложениот амандман се предлага толкување на Уставот согласно политичките потреби на актуелната политичка структура, а целите се неколку.

Јас сум убеден дека ова не е случајно, затоа што се чекаше најпрво да се именуваат судиите на Уставниот суд со цел да има сигурност во донесувањето на оваа одлука од страна на Собранието, бидејќи ова не е одлука која што е заснована на правни аргументи, туку закон кој што треба да се донесе заради политички потреби на парламентарното мнозинство.

После тоа следува повторно доставување на предлог односно имаме огласување на судии за избор во основните и апелационите судови низ Република Македонија и судии во Врховниот суд. Предлогот за избор на овие судии го дава Републичкиот судски совет.

До денес се завршени огласите, се знаат кои се кандидатите што поднеле документи, кои што конкурирале по тие огласи и сега е дојден моментот кога тие кандидати треба да се изберат, односно треба некаде од почетокот на месец јуни да почнат со вршење на судиската функција.

Зошто во овој момент се предлага овој амандман. Јас сметам дека целта на овој амандман е двојна.

Од една страна доколку не биде усвоен да се дисциплинира Републичкиот судски совет и да бидат предложени кандидати кој што се по волја на СДСМ, ДУИ и ЛДП, или пак доколку се прифати овој амандман ќе почекаме на изборот на судии до

именувањето на членови на новиот Републички судски совет, кој што ќе предложи судии кои што се по волја на владеачкото мнозинство. Значи целта на поднесувањето на овој Предлог-закон, односно на овој амандман на Предлогот на закон е директно политичко влијание во судството на Република Македонија, односно согласно надлежноста која ја има Републичкиот судски совет да може да утврди неправилности во работата на било кој судија, тоа претставува директно влијание, односно создавање на директна политичка зависност на судството. Затоа што сум сигурен дека изборот на новите членови на Републичкиот судски совет, доколку нешто не се случи да биде донесен овој амандман, затоа што се работи по политичка директива, а не по правни аргументи, ќе значи и директно инволвирање, односно ништо поинаку отколку изборот што го видовме тука за судии на Уставниот суд, каде што единствено сакам да напоменам дека предлогот од Републичкиот судски совет за избор на судија на Уставниот суд е прифатен од парламентарното мнозинство. Значи, треба да се доведе во ситуација на послушност на Републичкиот судски совет со поставување на свои луѓе во него.

Овие аргументи, факти, можеби некој не сака да ги слушне, можеби некој не сака да ги види, меѓутоа, сметам дека ја претставуваат вистината во целата оваа ситуација и претставуваат продолжение на еден систем на владеење на политиката над правните норми, над Уставот и над законите. И повторно ќе напомнам дека со ова се врши толкување на Уставот, односно политичките потреби, дневните политички потреби на актуелната политичка структура што е на власт, наместо да се почитува принципот на уставност и законитост.

Ако се има предвид и она што ги чека судовите во наредниот период, односно одлучување по барањата на лицата кои што ќе бидат отпуштени од работа, а се работи за повреда на правата од работен однос, за кој директно одлучуваат судовите, сметам дека ова може да претставува и еден увод во дисциплинирање на судовите во насока на одлучување согласно потребите на оние кои што ги донесуваат одлуките кој што треба да бидат поништени, евентуално во судска постапка. И не само тоа, тука се во прашање сигурно и политики мотивираните процеси.

Сега би се задржал малку на правните аргументи. Зошто сметам дека овој Предлог-закон, односно амандманот кој што е поднесен, зашто самиот тој закон без тој амандман не би бил предмет на ваква полемика. Зошто сметам дека е неуставен?

Прво, се работи за кршење на со Уставот загарантираните човекови права. Тоа е членот 23 односно член 54 став 1 од Уставот и повреда на начелата на рамноправност и еднаквост, затоа што воведува забрана за избор на член на Републичкиот судски совет за истакнатите правници кои исполниле услов за пензија, односно кои што имаат над 65 години старост. Со овој амандман, односно со овој Предлог на закон за измена, заедно со амандманот, спротивно на овој член на членот 54 став 1 од Уставот на Република Македонија се ограничува правото на секој граѓанин да учествува во вршењето на јавните функции, што е наведено и во членот 23 од Уставот.

Второ, се врши повреда на уставните одредби за организација на државната власт, односно член 104 став 2 од Уставот.

Да образложам. Со амаднманот на Предлог-законот предвидено е да се додаде нов член кој гласи: “Членот на Советот се разрешува кога ги исполнува условите за старосна пензија”. Владата го предложи истиот овој текст во предложениот закон, како што кажав за седницата на 25 февруари оваа година, кој што беше повлечен. Во образлпожението на Владата при тој предлог, што сметам дека воопшто не е различно од она што претставува образложение од сегашните предлагачи, се наведува дека Предлог-законот се заснова врз начелата на законитост, еднаквост и рамноправност.

Ако се земе она претходно што го кажав, јасно може да се заклучи нееднаквоста кој што ја преферира овој Предлог-закон. Меѓутоа, има и една друга димензија. Никаде не е спомнато кој е уставниот основ за усвојување на овој амандман, односно за донесување на ваков Предлог-закон со амандман, а единствено се врши повикување на надлежноста на Собранието на Република Македонија да донесува закони согласно член 68 став 1, алинеја 2 од Уставот. Значи нема друг уставен основ.

Министерот за правда во изјава пред средствата на информирање, основот на ваквата одредба од Предлог-законот го пронаоѓа во тоа што Уставот не ја регулира материјата за предвремен престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет. А според уставното начело, се што не било забрането со Уставот е дозволено, произлегувало дека со закон оваа материја можело да биде регулирана, тоа што пред малку го пренесе колегата Шапуриќ.

Меѓутоа, амандманот е неуставен поради следните причини.

Прво, повреда на човековите права со воведување на недозволена дискриминација со закон. Амандманот на владиниот Предлог-закон за изменување и

дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со кој се предвидува предвремен престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет поради исполнување услови за старосна пензија, претставува директна повреда на човековите права загарантирани со Уставот на Република Македонија, односно повреда на член 23 и член 54 став 1 од Уставот, затоа што воведува забрана. Значи со закон се воведува забрана за избор на член на Републички судски совет за истакнатите правници кои исполниле услови за старосна пензија. Со овој закон се воведува забрана која што не е предвидена со Устав. Значи се носи уставно решение со закон. Со амандманот на овој Предлог-закон се крши правото на секој граѓанин да учествува во вршењето на јавни функции кое што е пропишано во членот 23 од Уставот на Република Македонија. Имено, амандманот на Предлог-законот има двојно дејство.

Прво, пропишува основи за престанок на мандатот на веќе избраните членови на Републичкиот судски совет и

Второ, воведува забрана за избор на член на Републичкиот судски совет за истакнатите правници кои исполниле услови за старосна пензија. Со тоа, Предлог-законот е директно спротивен на начелото на еднаквост и рамноправност.

Според член 54 став 1 од Уставот на Република Македонија, слободите и правата на човекот и граѓанинот, а правото да се учествува во вршењето на јавни фукции е едно од нив, можат да бида ограничени само во случај утврдени со Уставот.

Како пример на еден од тие случаи на уставнон ограничување на правото да се учествува во вршењето на јавни функции, е правото граѓаните да бидат избирани за претседател на Република Македонија, кој според членот 80 од Уставот е ограничено со поседување државјанство на Република Македонија, навршено 40 години живот и жителство на Република Македонија најмалку 10 години во последните 15.

Второ, такво уставно ограничување на правото на граѓаните да учествуваат во вршење на јавни функции е пропишано во член 104 став 2 од Уставот, а тоа е дека за член на судија на Републички судски совет може да биде избрано лице, кој е од редот на истакнатите правници и толку. Уставот не пропишал ниту едно друго ограничување во поглед на правото на граѓаните да бидат избирани за членови на Републичкиот судски совет. Заради полесно разбирање ќе направам обид на логичен начин да го презентирам ова.

Прво, секој граѓанин согласно член 23 од Уставот на Република Македонија има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Второ, слободите и правата на човекот и граѓанинот, согласно член 54 став 1 од Уставот, можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Трето, членовите на Републичкиот судски совет, согласно член 104, став 2 од Уставот се избираат од редот на истакнатите правници. Оттука, произлегува заклучокот дека сите лица кои се истакнати правници, имаат право да бидат избирани за членови на Републичкиот судски совет. И тоа нивно право неможе да се ограничи со закон, затоа што неможе да се ограничат лицата ои што имаат над 65 години старост да бидат избрани за членови на Републичкиот судски совет. Со наведеното во целост се побива тезата амандманот на Предлог-законот како израз на уставното начело дека е слободно се со Уставот што не е забрането. Напротив, со член 54 став 1 од Уставот изрично е забрането ограничувањето на човековите права со закон. Да резимирам: амандманот од Прдлог-законот е директно спротивен со уставната забрана за ограничување на човековите права со закон, од член 54 став 1 од Уставот и е спротивен на начелото на еднаквост и рамноправност. Предлог-законот заедно со амаднманот кој пропишува основ за предвремен престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет, поради исполнување на услови за старосна пензија и забрана за истакнатите правници, кои исполнуваат услови за старосна пензија да бидат избрани за членови на Републичкиот судски совет е забранет со Устав. Истото е утврдено и во Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија од 1992 година која што ќе ја образложам подолу.

Имено, Уставот изрично ја пропишал структурата, односно составот на Републичкиот судски совет, каде според член 104 став 2 од Уставот, членовите на Реубличкиот судски совет се избираат од редот на истакнатите правници. Значи Уставот не пропишува својство на правници кои не исполниле услови за пензија, а се истакнати правници. Значи не зборуваме за правници под возраст од 65 години, не споменува ниту положен правосуден испит, ниту специјализација на правникот, ниту стекнат академски степен магистар или доктор на науки, ниту години на работно искуство и така натаму. Уставот како единствено ограничување на правото на граѓаните да бидат избирани за членови на Републичкиот судски совет го пропишува исполнувањето на својството истакнат правник, согласно член 104 став 2 од Уставот.Амандманот на владинот Предлог-закон за измена на Законот на Републичкиот судски совет ги дискриминира, односно ги става во неедаква положба

истакнатите правници кои исполниле услови за старосна пензија, со тоа што им оневозможува да бидат избрани за членови на овој престижен државен орган. Со тоа, на недозволен начин на истакнатите правници кои ги исполнуваат условите за старосна пензија им се повредува уставно загарантираното право да бидат избирани на јавни функции, а воедно се повредува начелото на рамноправност и еднаквост. Токму тоа право, правото да се биде избран за член на Републичкиот судски совет е уставно загарантирано и во Уставот не е ограничено со исполнување на услови за старосна пензија. Значи, со закон неможе никому да му се ограничи уставно загарантираното право да биде избран на јавна функција, освен поради причини што Уставот изричито ги пропишува.Правото да се биде избран за член на Републичкиот судски совет Уставот го ограничил единствено со исполнување на критериумот истакнат правник. Возраста, бојата на кожата, полот, годините на искуство, исполнувањето на услови за старосна пензија, положениот правосуден испит профилоот на правникот, судискиот стаж, сето тоа се својства со кои неможе по пат на закон да се ограничува правото на истакнатите правници да бидат избирани како членови на Републичкиот судски совет. Ниту пак поради некои од овие својства може со закон да биде пропишан предвремен престанок на нивниот мандат. Како потврда за наведеното е одлуката на Уставниот суд на Република Македонија број 268/92 од 2.04.1992 година, кое што е објавено во “Службен весник на Република Македонија” број 26?93, со кое се укинува членот 7 од Законот за Републичкиот судски совет, во делот што се однесува за определувањето на структурата на Републичкиот судски совет. Во образложението на оваа одлука на Уставниот суд се вели: “Судот на јавна расправа и на седница утврди согласно член 104 од Уставот на Република Македонија Републичкиот судски совет го сочинуваат 7 членови што ги избира Собранието на Република Македонија од редот на истакнати правници за време од 6 години, со право на уште еден избор.

Од изнесеното произлегува дека Уставот како единствен услов за избор на членови на Републичкиот судски совет утврдил тие да бида истакнати правници, поради што судот смета дека со закон не може да се утврдуваат други услови. Дали ова Собрание ја почитува оваа одлука на Уставниот суд на Репулика Македонија, кој што е исклучително надлежен за оценка на уставноста на законите кои што ги донесуваме. Или имаме намњера допрва да испитуваме дали таа одлука на Уставниот суд е исправна или не е, или пак сакаме на некој друг начин со накакво влијание Уставниот суд да го принудиме да не донесе, односно да не ја почитува оваа одлука кој што самиот ја донел во 1992 година.

За потсетување укинатата одредба од член 7 од Законот за Републичкиот судски совет гласаше: “Четворица од членовите на Републичкиот судски совет се избирааст од редот на судиите, а тројца од редот на другите правници. Значи оваа одредба ја укинјва Уставниот суд на Република Македонија.

Уставниот суд оценил дека со таквата законска одредба недозволено се пропишуваат нови критериуми, кои не се уставно пропишани за избор на членови на Републичкиот судски совет, како што од образложението на оваа одлујка произлегува Уставниот суд ја отфрлил тогашната владина аргументација поддржана и од пратениците во Собранието дека се она што не е забрането со Уставот е дозволено. Значи Уставниот суд кажал дека се она што не е забрането со Устсвот е дозволено и во ред, да се толкува на тој начин. Би додале кога станува збор за ограничување на правата на граѓаните, вклучувајќи го и правото да бидат избирани на јавни функции, се она што не е дозволено со Уставот е забрането, затоа што мора да се почитува Уставот. Или забрането е со закон да се воведуваат ограничувања на правото да се биде избран, кој Уставот не ги пропишал. Да резимирам: со амандманот на Предлог-законот, спротивно на член 54 став 1 се ограничува правото на секој граѓанин да учествува во вршењето на јавните функции предвидени во член 23 од Уставот.

Второ, повреда на уставните одредби за организација на државната власт. Покрај тоа што претставува повреда на човековите права, амандманот заедно со владиниот предлог за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со кој се предвидува предвремен престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет е на имплицитен начин забранет по член 104 став 2 од Уставот.

Образложението на Владата на Република Македонија дека со закон може да се пропише основ за предвремен престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет, што беше во нејзиниот предлог, затоа што Уставот пропуштил тоа да го стори во членот 104 ставот 2 е во дирекна спротивност со уставниот текст. Имено, во Уставот, случаите кога со закон може да се пропише предвремено преестанување на мандат на избраните функционери, изрично се пропишани. Така на пример, во одредбата за народниот правобранител членот 787 ставот 4 од Уставот изрично пропишува - условите за избор разрешување, надлежноста и начинот на работата на Народниот правобанител се уредуваат со закон. За сите останати јавни функции, за кои во Уставот не е изрично пропишано дека со закон може да се пропишат основи за предвремен престанок на мандатот на

нивните носители, не може со закон да се пропишуваат основи за пеедвремен престанок на нивниот мандат, надвор од ние што ги пропшиал самиот Устав. Такви се пратениците, претседателот на Република Македонија, министрите и претседателот на Владата, судиите и членовите на Републичкиот судски совет. Или, поинаку речено, постои имплицитна уставна забрана за пропишвуање со закон на основи за предвремен престанок на мандатот на јавните функционери, освен за случаите кога Уставот тоа изрично го дозволува.

Со донесувањето на ваков закон ќе се направи опасен преседан. Уставот, како збир на норми, претставува една заокружена или меѓусебно поврзана целина. Уставните норми можат да се толкуваат единствеон низ призмата на таа целина.

Контрадикторна е и причината на предлагачите - потреба од прецизирање на одредбата за престанок на функцијата член на Советот, доколку се исполнети условите за старосна пензија. Навистина интересно кога Владата на Република Македонија наведе, односно предлагачите на амандманот сега, во која тоа одредба од Уставот е пропишано дека на член на Републичкиот судски совет му престанува функцијата поради исполнување услови за старосна пензија? Поради тоа Владата на Република Македонија сега да му предлага на Собранието на Република Македонија, преку пратениците закон, со амандман, со кој што би се прецизирала таа одредба. Повторувам, Уставот не пропишал престанок на функциајта на членовите на Републичкиот судски совет поради исполнување на услови за старосна пензија и нема што со закон да биде прецизирано во овој правец.

Во Собранието на Република Македонија и порано е направен обид за предвремено разрешување од функција на членови на Републичкиот судски совет поради исполнуавње на услови за старосна пензија. Во 1997 година, тогашната Комисија за избори и именувања, преку претседателот сакала да го наметне истото ова решение. Меѓутоа, уште тогаш е констатирано дека е тоа неуставно.

Членовите на Републичкиот судски совет не се судии и на нив не може да се применува член 99 став 3 алинеа 3 од Уставот што пропишува разрешување на судиите од функција, поради исполнување услови за старосна пензија, како штро тврдеше министерот за правда на конференцијата за печат од 6.02.2003 година. Уставот, изрично пропишува дека мандатот на судиите престанува со исполнување на услови за старосна пензија. Но, тоа има и своја логика. Затоа што мандатот на судиите, според Уставот е неограничен. Доколку Уставот не го пропишеше изрично ограничувањето на мандатот на судиите со исполнуавње услови за старосна

пензија, тогаш нивниот мандат ќе беше доживотен. Уште еднаш да потенцирам, за судиите, Уставот изрично пропишал дека нивниот мандат престанува поради исполнување услови за старосна пензија.

Аргументум аконтрарио, и членовите на Републичкиот судски совет кај нив Уставот не пропишал можност за разрешување од функција поради исполнување на услови за старосна пензија. Што значи дека такво ограничување не е уставно пропишано, па поради тоа не може истото со закон да се пропише. Членовите на Републичкиот судски совет не се судии, како што во последно време одделни министри, функционери и координатори на пратенички групи ги нарекуваат кога ја образложуваат својата намера за политичко ликвидирање на членовите на Републичкиот судски совет, преку неуставно разрешување од функција поради наводно одење во пензија. Републичкиот судски совет е самостоен и независен орган чија функција е тесно сврзана со судовите. Но, Републичкиот судски совет не е суд. Неговите членови не се судии. Доколку Уставот имал намера да пропише престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет, пред истек на рокот од шест години, поради исполнување на услови за старосна пензија, тоа и ќе било направено.

Зад овој амандман, заедно со предлогот на законот се крие намера и обид, преку пропишување на една навидум неутрална одредба, на неуставен начин и предвремено, политички да бидат ликвидирани членовите на еден државен орган, Републичкиот судски совет. Со несувојување на амандманот на овој владин предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, Собранието на Република Македонија ќе спречи да биде ставено во улога на егзекутор, на кршење на човековите права, а воедно ќе го заштити системот на организација на власта, пропишан со Уставот и ќе се спречи отвореното мешање на извршната власт против самостојноста и независноста на судската власт во Република Македонија.

Се надевам на поддршка на овие аргументи од сите пратеници во Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван министер за правда,

Прво, би сакал најнапред да се искажам околу самата постапка, односно Деловникот за нашата работа кога се работи за постапка за измена и донесување на закони. Ретки се парламентите, а може и ова ќе покаже една лоша пракса поради која ќе треба да го измениме Деловникот, при утврдување на пореба за измена на закон или донесување на закон, на истата седница да се расправа и за амандмани. Ова го кажувам затоа што општава расправа покажува дека ние всушност за текстот на законот, онака како што го предлага Владата на Република Македонија и што е во согласност со амандманите на Уставот заради исполнување на условите од Рамковниот договор не расправаме, туку расправаме за една одредба со која што, според мое длабоко убедување, ќе дојде до битна повреда и на Уставот, но и на дерогирање на односите помеѓу поставеноста на властите во системот на парламентарната демократија, со што оваа измена, ако се усвои, во многу ќе придонесе да овој закон добие епитет на закон од таканаречени револуционерни мерки со кои што промената на власта се користи и за промена на Уставот на Република Македонија преку пониски акти.

Тука, господинот Блаже добро ни објасни околу правите аргументи зошто кај Републичкиот судски совет не може преку закон да биде прекинат мандатот заради исполнување услови за старосна пензија, бидејќи Уставот децидно ги пропишува прашањата сврзани за неизбирливост и неспоивост на јавна функција.

Според тоа, мислам дека поцелисходно е во општава расправа да имаме некое воведно излагање од Владата на Република Македонија во кое еден аспект на известување на Владата ќе биде и односот кон овој амандман, односно измената што еднаш парламентот, односно предлагачот ја повлече. Затоа го задржувам правото, ако продожиме во правец на тоа да после општата расправа го утврдиме текстот, да се изјасната и за предложениот амандман. Поцелисходно е во овој момент да имаме став на Владата околу текст на законот и прифаќање или неприфаќање на одредени иницијативи што на одреден начин го диригираат Уставот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

За многу кратко време пред парламентот по втор пат се предлага закон за донесување измени и дополнувања на Законот за Републичкиот судски совет. Пред два месеци беше на разгледување пред Парламентот и по укажувањата од страна на опозицијата за некои повреди на Уставот што беа ставени во Предлогот на законот, пред неговото донесување Владата го повлече како таков. Се потрудила, пак набрзо да го предложи, со една мала корекцијас во истиот што е од битно значење, а тоа е дека со закон не може да се решава времетраењето на судскиот совет од она што е пропишано со Уставот.

На таквиот предлог што го предложи Владата на Република Македонија, опозицијата што ја бира и Владата, спротивно на нивното мислење, од сите политички партии е поднесен амандман со кој што се враќа содржината на законот како што беше порано. Сметам дека тоа е голем дефект на една позиција што избрала влада, што изоценила Владата дека таквиот закон е противуставен, но сега се предлага амандман со кој што веројатно се посакува, желбата што ја имала Владата и со првиот закон, сега да помине преку пратениците потпишани на амандманот.

Најнапред, би сакал да се произнесам дали постои потреба и уставен основ за донесување на овој закон. Лично сметам дека такво нешто не постои. Бидејќи во предлогот на законот што е доставен од Владата на Република Македонија, исклучиво главна точка се става на измените на законот, со тоа што во истиот се вметнуваат измените на Уставот и тоа амандманот 14 и на основа на што се предлагаат овие измени и дополнувања на законот.

Ваквиот предлог и основ што го засновува Владата на Република Македонија за изменување на законот, сметам дека се неосновани, бидејќи оваа правна норма е регулирана со самиот Уставот во членот 104, со дополнување на амандман 14. Нема потреба да се прави тафтологија на нашиот правен систем, да го препишуваме Уставот и во законот. Да не биде само тоа, додадена е уште една измена во самиот закон со која што се укинуваат членовите 37 и 38 и се уредува стручната служба на самиот совет, што лично сметам дека и тоа не е потребно да го има во законот. На оваа измена се повикува Владата на Република Македонија дека го усогласува овој закон, Законот за Републичкиот судски совет со Законот за државните службеници.

И овде се прави една тафтологија, непотребна. Ние не можеме интервенцијата во некој закон да ја пренесеме во безброј закони, така како што е. Инаку, оваа материја што е предвидена во членот 37 и 38 што се бришат и се

додаваат други членови, сметам дека тоа е работа на самиот Републички судски совет што го решава со свои подзаконски акти.

Кога сето би се разгледало во целина, исклучива цел на предлагачот на законот и предлагачите на амандманите, како да се направи еден упад во Уставот со тоа што Републичкиот судски совет што е избран од еден друг парламент, во едно друго време, бидејќи истиот на сегашниот состав што иам мнозинство во парламентот не му одговара, се наоѓа начин и место да се интервенира исклучиво дека членовите на судскиот совет, мандатот им престанува со исполнување на услови за старосна пензија.

На таквата околност, со првичниот закон што беше пуштен пред два и повеќе месеци, од мислењатеа и ставот што ги имаше опозицијата, во голем дел беа придружени кон нив голем број на граѓани и истакнати правници во Република Македонија, со што се застана на становиште дека на ваков начин и со заскон не може да се интервенира во Уставот, односно, тоа што Уставот го решил поинаку.

Членот 104 е многу јасен, дека мандатот на членовите на Републичкиот судски совет е шест години. И, кои лица може да бидат членови на судскиот совет. Покажано е дека Републички судски совет ужива имунитет, исклучиво по било кои причини ако му биде одземен имунитетот на членот на Републичкиот судски совет, само тогаш на поединиот член може да му престане мандатот. На друг начин никако. Било како да толкуваме, ние сме овде законодавен дом, пратеници избрани од народот кој треба да носиме закони засновани на Устав. Меѓу нас има и пратеници правници кои подолго време работеле со правни работи, прилично го познаваат правото, некои од нас и помалку, но кога помалку би слушал овде, би разбрал што е вистина а што е невистина. Не може да се зборува дека во Уставот е направен пропуст, дека не е регулирано, дека на член на Републичкиот судски совет може да му престане мандат или е пропуст за да му престане мандатот со одење во пензија.

Едно мора да сфатиме почитувани пратеници, дека Републичкиот судски совет не е судство и не припаѓа во судовите. Судовите се регулирани во Република Македонија со Уставот и ги имаме во три инстанци во организација на судвоите: основни судови, апелациони и Врховен суд на Република Македонија. Сето друго, кој и како сака да мисли, не може да биде Републички судски совет во организација на судовите, затоа што ниту пресудува, ниту одлучува по никаква судска одлука во ниту една инстанца.

Републичкиот судски совет е посебен институт, еднаков на Врховниот суд, на Влада, на Парламент. И тоа со одредени права и обврски што ги врши.

Затоа, неговиот мандат е определен на шест години. На било кој член од Републичкиот судски совет ако му престане мандатот од не дај Боже да почине, да изгуби деловна способност, да му биде одземен имунитетот, може да биде избран друг член на Републичкиот судски совет, но на тој член ќе му трае мандатот во рамките на тие шест години, односно го продолжува мандатот. Инаку би било катастрофална шареноликост ако така е како што ние замислуваме. Може да дојде секоја година да се кооптираат членовите на Републичкиот судски совет. Таква не е желбата, таква не е смислата на Уставот.

Републичкиот судски совет врши контрола врз работата на судовите, ги предлага судиите за нивен избор и врши контрола врз нивното работење, односно за покренување постапки, дисциплински постапки кои не ја извршуваат совесно работата и предлага нивно разрешување. Во ниту еден случај никој во Република Македонија нема право, спротивно на Уставот, Републичкиот судски совет да го идентификува со судовите. Од тие причини Уставот така одлучил, така е решено. Во тој Устав каде е тоа напишано, тука има дел од пратеници кои сме биле и тогаш пратеници, сме го донесле тој Устав не сме биле толку невични да не сме виделе што правиме. И тогаш сме знаеле што правиме и какви се ингеренциите на Републичкиот судски совет.

Сметам дека е неопходно позицијата да кооперира со опозицијата, во одредени работи, поготово позицијата да посветува најголемо внимание тогаш кога опозицијата барем на нешто дава отпор, бидејќи ние ја немаме власта и не управуваме, ја надградуваме власта, им помагаме на оние кои ја сносат одговорноста.

Не сме ние толку опонентни, што и да предложи позицијата, да не прифаќаме. Во 90% и повеќе го прифаќаме тоа што го предлага позицијата, затоа што е корисно за РМ. Во вакви случаи, кога опозицијата оцени дека нешто не е во ред, веројатно позицијата треба да се преиспита и да посвети далеку поголемо внимание, да види дали тоа е во ред или не, отколку, оние закони кои поминуваат многу лесно, кои и ние ги поддржуваме, затоа што таму сите можеме да правиме по некој пропуст. Среќа е кога има опортуност за одредени работи. Значи, се дава сигнал, малку повнимателни да бидеме кон таа проблематика.

Мислам дека позицијата треба да се ослободи од фактот дека овие членови на Судскиот совет не се добри. Што би било, ако се прифати како што е сега предлогот и ако се изберат нови членови на Судскиот совет, во некој случај, во нареден избор, поинаква структура на Парламентот да имаме и тогаш да измислиме

нешто друго, ќе го смениме Судскиот совет или било кој друг орган кој е од витално значење, се со цел да биде подреден на власта и Парламентот.

Ако сакаме да имаме поголема демократија, треба да бидеме што пошироки и во поголеми институции да дозволуваме, луѓе кои малку поинаку да мислат од позицијата, тогаш ние би имале поголема демократија. Инаку ако се сведеме на еден круг на луѓе, дали е Влада, или одреден дел на пратеници,и другите само би ги поддржувале, без многу да размислуваат, бидете уверени дека ќе имаме многу лош правен систем, а исто така ќе бидеме многу подалеку од тоа што 10-12 години се бориме, нашето место да биде во развиена Европа и во другите институции на овие држави. Затоа мислам дека е коректно да се приспита позицијата, поготово предлагачите, бидејќи не постои уставен основ за оваа работа, а доколу биде изнудено и згласано на било кој начин, си требаме ние, не сакам со тоа да претам во Парламентот, но Парламентот е да носи заеднички одлуки во голем процент. Затоа сметам дека е потребно да преовлада разумот. Сметам дека е паметно да се придржуваме на Уставот и законите да ги носиме во согласност со Уставот, бидејќи тоа е нашата основна цел во овој Парламент, чија цел е законите да ги носи во согласност со Уставот.

Уште еднаш би ги повикал предлагачите да се преслушаат и да го повлечат амандманот, што би било нешто пореално, посигурно и поцврсто и да се донесе закон кој би бил во согласност со Уставот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Еве јас останувам на своите принципи. И денес Свети Николе нема добра вода за пиење. Се надевам дека ова мое дадено ветување да ве потсетувам на секоја седница и во секја прилика,ќе вроди плод.

Но, еве да дадам и свој коментар, бидејќи се јавив да кажам нешто по понудениот законски проект, со што се врши благ упад во Уставот.

Со овој амандман Владата на перфиден начин ја префрла топката во рацете на парламентарците. Сигурно дека парламентарците знаеја и свесни се дека со носење на овој амандман, со кој повереникот на Владата, заменикот министер, требаше да се изјасни, затоа што, ако не се изјасни, а тоа не го регулира Деловникот, битно се менува целата ситуација.

Сигурно дека со ова читање, така да кажам, би било многу соодветно Владата да го повлече овој закон, но очигледно нема расположение да се повлече. Договофрена е целата процедура како треба да се одвива целата работа.

Јас сега не би го коментирал тоа, дали се прават напори да се дисциплинираат, со тоа судовите или судиите. Правниците кои се писмени и кои знаат да читаат, сигурно дека не можат да го спојат членот 99 со членот 104 од уставот, каде што членот 99 ги детерминира одредбите околу судиите, а членот 104 ги детерминира и во децидна форма ги одредува правилата на членовите на Судскиот совет. Тука се поистоветуваат судии и членови на Судски совет, што по некоја аналогија на Судот Уствот не познава такво читање, не држи.

Сега доаѓаме до една апсурдна ситуација, што би било кога би било. Во овој случај очекуваме дека, еве и денес претходните дскутанти зборуваа, повеќе се задржуваа на амандманот, кој, ако го прифати претставникот на Владата, битно ќе ја измени целата ситуација и со тоа ќе заврши постапката. Ако не го прифати, тогаш парламентарното мнозинство ќе ја излгласа. Сега влегуваме во рашамонијада, како што овој Парламент од 1990 година наваму е сведок на многу, многу законски проекти и закони кои се носеа во Парламентот и кои паѓаа пред Уставниот суд.

Сигурно дека сидиите на Уставниот суд кои сега се избрани, нема да бидат смешна категорија, затоа што ако во 1992 година еден орган се изјаснил дека нема да направат таква грешка, но постои уште еден филтер и ќе се случи тоа, така и ќе биде, затоа што ние треба да го забавуваме народот. Контролниот механизам, претседателот на државата, нема да го потпише указот, што значи ќе се донесе во позиција тој повторно да дојде на прегласување со 61 глас во Парламентот, што не го обврзува претседателот на државата и тогаш да го потпише.

Би било најупатно да се повлече овој предлог на закон затоа што Владата не треба да прави грешки, не треба да се прави упад во Уставот, бидејќи ние сме сведоци дека ова е Македонија, ова е Балкан и оние кои доаѓаат на власт ја пишуваат историјата. Немој, во дурги услови да се смени власта, дојде нова гарнитура, нови пратеници, па тогаш во нормативниот дел да кажеме, да се донесе одлука, за членови на Републичкиот судски совет да ставиме, да речеме како задолжителност да бидат 190 см. високи или да не бидат ќелави. Може и таква глупост да донесе Парламентот.

Верувам дека Уставниот суд нема да си дозволи таква грешка. Затоа би било најупатно да се повлече овој законски проект, да не го занимаваме народот, затоа

што сум убеден дека претседателот на државата нема да си дозволи да потпише указ за ваков законски проект.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници. Дозволете ми да го изнесам својот личен став по однос на оваа точка од дневниот ред.

Значи денес по втор пат на дневен ред го имаме односно дискутираме по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет, со Предлог на закон. Реков по втор пат, што значи дека еднаш веќе го имавме овој предлог, беше доставен до Собранието, беше разгледуван на работните тела на Собранието и тогаш беа дадени доста сугестии и видувања, што од страна на опозицијата, што од страна на позицијата, за, на самиот ден на пленарната седница, кога требаше да се отвори расправа, Владата одлучи да го повлече од дневен ред и не им се даде можност тогаш на пратениците да дискутираат по однос на оние забелешки, барем не на пленарната седница. И ако тогаш сметавме, па дури ние како опозиција ја пофаливме Владата, во смисла на тоа дека прави добар чекор, со тоа што слушајќи ги и пратениците во делот на своите дискусии, онаму каде што имаа можност да ги истакнат, но слушајќи ја и јавноста, како и определени стручњаци, еминентни во РМ, па дури и забелешките од членовите на Републичкиот судски совет, навистина поверувавме дека Владата имала слух и сметајќи дека заради таквите проблеми, заради таквите укажувања, најпаметно беше во тој момент Законот да се повлече, веројатно не само по укажувањата на овие што ги набројав, туку, веројатно имаше и некакво укажување, можеби и од страна на Уставниот суд, но можеби и од Меѓународната заедница, од своите претставници, кои што добронамерно, во правец на тоа Владата добро да размисли што предлага и колку е тоа во согласност со Уставот и тн.

И ако тогаш тој потез беше за пофалба, еве денес го имаме повторно тој закон на дневен ред и не би било ништо страшно, не би било ништо чудно, доколку предложениот закон останеше така како што Владата го предложи, а не со овие дополнувања кои ни ги даваат по пат на амандмани, пратениците кои го сочинуваат парламентарното мнозинство, нормално кои ја поддржуваат Владата. Значи, веднаш

на почеток се поставува прашање зошто мораше да се избере овој начин. Поточно, добро се сеќавам кога, во моментот Владата го повлече законот од процедура, денешниот претставник на Министерството за правда и тогаш исто така беше претставник на Министерството за правда, госпоѓата заменик министер, во изјава за јавноста кажа дел од причините поради кои Владата го повлече законот. Меѓу другото во својата изјава тврдеше дека не го повлекува законот поради причините што беа наброени од страна на опозицијата и другите реакции, во смисла на уставноста, во смисла на сега предложениот амандман за старосната пензија, туку дека Владата оценила дека има потреба од дополнување на самиот закон за да има подобра содржина. Значи, уште еднаш да го преиспита во смисла на дополнување. Наместо да видиме дополнување, видовме скратување на тој закон, поточно оние одредби кои беа доста критикувани, беа повлечени  и Владата ни дојде со Предлог на закон без оние одредби кои тогаш предизвикаа полемика. Значи интересен е начинот кој се одбра. После толку размислување, Владата дали да го повтори истиот закон, значи да го достави оној текст кој беше доставен, евентуално со мали дополнувања, или пак да оди на некоја друга форма, се одбра овој начин кој денес ни е презентиран, можеби најбезболниот за предлагачот, поточно за Владата, што ќе рече, Владата да се покрие од одговорност, по пат на парламентарното мнозинство. Или можби, поинтересно, да се каже, на еден познат начин, значи Владата во овој случај да остане со чисти раце, а одговорноста да ја префрли на парламентарното мнозинство. Сега ова не би било чудно, зошто е избран овој начин, значи начинот да бидеме со чисти раце, до колку во владината коалиција не е член на Владата и коалиционен партнер токму човекот кој ја прокламира оваа идеја. Значи идејата  -  со чисти раце и добро е што Владата, на крајот на краиштата го прифати тој начин, значи да работиме со чисти раце, меѓутоа рацете да ги валка некој друг. Очигледно тоа можеби ќе стане и некоја дефиниција, затоа што оваа идеја  одамна беше заборавена, но сега повторно ја прокламираат.

Во секој случај ако коалицијата, поточно СДСМ почнува да ги прифаќа одредените пароли, тогаш треба да ја прифати и одговорноста за она што владината коалиција го прави, а не да се случува, за оној потез, еве конкретно пред Бранковиот закон, или можеби проблемите во земјоделието кои не притискаат, да ги префрламе како одговорност на коалициониот партнер, со тоа што ќе упатуваме дека во тој ресор за одредените проблеми не се реализира онаа владина програма која е зацртана. Значи и одговорноста треба заеднички да ја сносиме.

Се наметнуваат две причини поради кои се брза со поднесувањето на овој закон:

Првата причина ја слушнавме и во комисиите а тоа е потребата од имплементацијата на Рамковниот договор. Потребата од имплементацијата на Рамковниот договор навистина има резон, меѓутоа, ако го читаме образложението на Предлогот на закон што ни го достави Владата, ќе видиме дека со самите измени, поточно со текстот на законот кој Владата го нуди, самата кажува дека со тој дел се врши, токму онаа имплементација на Рамковниот договор, врз основа на амандманот 14 кој е влезен во Уставот на РМ. Значи без оние додатни амандмани кои сега ни се предлагаат. Токму тука е содржината и тука е вистината. Значи ако треба да се имплементира амандманот 14, начинот на гласањето за избор на Судскиот совет, да се врши така како што пропишал и Уставот и тоа да се вметне во законот, како што е и случајот со предлогот од Владата и тука завршува имплементацијата на Рамковниот договор, а не да се вадат погрешни заклучоци дека имплементацијата на Рамковниот договор ќе заврши во оној момент, зборувам за амандманот 14 од Уставот, кога ќе се смени персоналниот состав на Републичкиот судски совет. За тоа никаде не стои обврска во Рамковниот договорт и нема потреба од  брзање, затоа што, на крајот на краиштата и Уставот е јасен дека членовите на Судскиот совет се бираат на одреден мандат, значи на одреден период на години и треба да се сочека тој мандат да заврши, па наредниот состав кога ќе се бира, ќе се избере на тој начин како што предвидел и Уставот и како што предвидел сега и законот. Тука е таа имплементација на Рамковниот договор. Значи, незнам зошто се брза, зошто се создава притисок дека Рамковниот договор во тој дел не е имплементиран. Дури и ако го земеме составот, персоналниот состав на Судскиот совет, ќе видиме дека и во сегашниот состав е запазен тој етнички пристап, на запазување на националниот состав. Поради тоа не гледам причина зошто треба да се брза со некаква имплементација на Рамковниот договор, во делот на персоналната промена на членовите на Судскиот совет.

Значи, ако е оваа една од причините значи таа отпаѓа, затоа што апсолутно нема потврда.

Втора причина која се наметнува која сметам дека е апсолутно оправдана и очигледно е дека парламентарното мнозинство сака да има контрола врз судската власт. И тоа е непобитен доказ. Зошто тоа го велам? Очигледно е дека овој персонален состав на републичкиот судски совет не му одговара на п арламентарното мнозинство во правец на она да може да го врши влијанието  во

предлагањето на судиите. Затоа се предлага што побрзо да се разрешат судиите, односно членовите на судскиот совет за да може да се избере судски совет по волја на парламентарното мнозинство. Тогаш ќе имаме влијание и врз изборот на судиите кои што веќе ќе следат после оној период кога ќе се избере судскиот совет. Значи дека тоа е единствениот мотив и тоа е единствената причина заради која Владата брза. Тоа можеме да го видиме и од досегашната работа на Собранието. Веќе сум заборавил кога последен пат избравме некој судија на предлог на Републичкиот судски совет што значи дека по се изгледа на некој не му одговара дури и овие што се предложени да се бираат. Според тоа, треба да се направи еден таков концепт за да ни врват глатко сите судии, а на тој начин ја имаме онаа контрола која што сакаме да ја имаме. Значи, воведувањето на амандманот, поточно старосната пензија го сметам апсолутно за противуставно, значи неуставна одредба. Слушнавме доста искази во правец на правното толкување. Еве, јас само ќе посочам неколку. Значи, тоа членот 104 од Уставот. Ќе го цитирам ставот 2 во кој што се вели: Собранието ги избира членовите на Советот. Зошто баш го потенцирам овој став? Затоа што сакам да укажам на една работа, бидејќи во многуте образложенија па и во образложението на предлагачите на амандманот стои дека Советот е изедначен со судската власт, дека се што важи за судиите, важи и за членовите на судскиот совет, па според тоа, важи и функцијата разрешување, поточно важи функцијата со овој амандман значи заради исполнување на услови за старосна пензија би важело и за членовите на судскиот совет како и за судиите. Амандманот е со текст, доколку некој од членовите, или членот на Советот се разрешува ако ги исполни условите за старосна пензија. Тоа е едниот амандман.

Зошто го цитирав став 2? Затоа што во ставот 2 од членот 104 апсолутно не стои постапка на разрешување, односно не стои апсолутно ниту одредба дека некој се разрешува од членовите на Советот. Сега да се повикаме на член 99 од Уставот, па ќе видиме, бидејќи во образложението стои дека судската функција и член од Советот е иста, ќе видиме дека во став 3 на член 99 стои дека судија се разрешува, значи се набројуваат кои се тие причини поради кои се разрешува. Една причина е ако тоа сам го побара, ако трајно ја загуби способноста за вршење на судската функција што го утврдува Републичкиот судски совет, ако ги исполнува условите за старосна пензија. И да не одам понатаму, значи овие се неколку битни причини. Сега ако веќе се изедначува судската функција со функцијата на членовите на судскиот совет не ја гледам причината зошто во членот 104 кога веќе се зборува дека Собранието ги избира членовите на Советот, зошто тука не се ставило и одредба,

значи Собранието ги избира, ама и разрешува членовите на Советот, па тогаш би имало логичка конотација во смисла на тоа дека одредбите што важат за судиите би важеле и за судскиот совет. Со оглед на тоа што Уставот не кажал дали членовите на судскиот совет се разрешуваат и на кој начин тоа се прави, не може да се примени со закон да се внесе одредба за разрешување на судиите односно членовите на судскиот совет онака како што ние тука предложивме. Предложен е само еден услов, а можеше да се напишат и сите други кои што важат и за судиите. Затоа целото она образложение кое досега постоеше од сите дискутанти дека со Законот ваков каков што ќе стане, односно како што ќе биде изгласан е апсолутно упад во Уставот, односно упад во судскиот систем, поточно апсолутно е против уставен.

Да видиме и една друга компарација. Да го земеме на пример јавното обвинителство. И тука се зборува , значи и тука се кажува  член 106 став 3 се зборува, значи јавниот обвинител го именува и разрешува Собранието. Значи треба да стои  јасен текст во Уставот за да се знае дека со Закон може да се одреди постапка за разрешување. Во отсуство на таква одредба не може со закон да се разработува нешто што со Устав не е дадедно.

Почитувани пратеници, ако овој принцип, поточно една ваква одредба за пензионирање на членовите на Судскиот совет стане дел од законот и ако стане пракса во правниот систем на РМ, бидете сигурни дека понатаму најверојатно ќе следат и измени на други закони, па може да ни се случи дека за претседател на Владата на РМ, не може да биде избран член, поточно човек кој што ги исполнува условите за старосна пензија. Не ја гледам пречката зошто не би било ставено во закон. Исто така, ваква одредба може да важи  со оглед на тоа дека ќе важи за претседателот на Владата, може да важи и за министрите во Владата. И ако една таква одредба сега имаме, ние г-динот Славко Петров ќе треба да го пензионираме бидејќи ги исполнува условите за старосна пензија. Исто така, не ја гледам причината зошто тоа не би важело и за уставните судии. Па можеме да ставиме одредба и за уставните судии итн. Единствено каде што не можеме да ставиме таква одредба е кај претседателот на РМ со оглед дека тој и кај пратениците, со оглед дека тие се бирани директно од гласачите. Иако сум убеден дека многу членови на парламентот од парламентарното мнозинство би сакале да имаат таква одредба, ако за никој друг, барем за претседателот на РМ, иако лично сегашниот претседател нема да го фати таа одредба. меѓутоа, со оглед на толку посакуваното поднесување на оставка од страна на претседателот кое што и вчера беше искажано

во делот на пратеничко праШање, значи во иднина да не ни се случува некој човек кој што има 70 години, или повеќе од 65 години да биде претседател на државата. Значи, да најдеме начин како тоа да го имплементираме на овој начин. Да не зборувам дека интенцијата на Уставот кога кажал дека судскиот совет, поточно членовите на судскиот совет се бираат од редот на истакнатите правници и намерно не е ставена одредба кои истакнати правници, што значи важи за сите. На овој начин го ограничуваме пристапот на тие истакнати правници да можат да членуваат во судскиот совет нормално по пат на избор со тоа што веднаш од старт кажуваме дека сите оние истакнати правници кои што исполнуваат услови за старосна пензија не се пожелни во Републичкиот судски совет.Значи во првата варијанта до ден денес, зошто на крајот на краиштата такви истакнати правници сме имале во Републичкиот судски совет е јасна логиката и на самиот предлагач кога го носел уставот е тоа што самите тие истакнати правници со своето искуство треба да дадат придонес во работата на судскиот совет и не треба тоа да се занемарува. Значи, треба да се ограничи пристапот во судскиот совет на таква категорија на луѓе кои исполнуваат 65 години е сепак една дискриминација во однос на другите и мислам дека нема да биде корисно од аспект на функцијата која што треба да ја обавува Републичкиот судски совет.

На крајот да завршам, убеден сум и колку апели да упатиме до подносителите на амандманот и колку сакаме да дебатираме, целта е јасна. Значи, овој закон ќе биде изгласан. Ме чуди само една работа што ниеден од позицијата, па ниту еден од предлагачите на амандманот не најде храброст барем две реченици да каже која е причината поради која што го поднесле амандманот и кое е нивното образложение за една ваква работа. Не би го крстел тоа со некој начин дека се плашиме да одговориме, или пак ќе бидеме дисциплинирани до максимум, нека зборува опозицијата колку што сака, ние нашата работа ќе си ја завршиме. Мислам дека за демократијата и за една добра расправа овде во парламентот е потребно и учество на оние кои што ни го предложиле овој амандман, а не се малку. Тоа се шест потпишани, во најмала рака очекував барем господинот Кондарко да се јави за збор, бидејќи учествуваше во работата на комисиите. И таму беше доста скржав во образложенијата, но можеше барем да излезе овде и да ни каже кои се тие аргументи на кои што како предлагач амандманот се повикува и заради нас, и заради јавноста за да имаме свои аргументирани ставови, да знаеме дали навистина сме донеле закон како што треба, или сме го промашиле целиот пристап, поточно сме го повредиле и Уставот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку само да потсетам дека сега сме на општ претрес по Предлогот за донесување на закон а не на претрес по амандманот.

Господинот Макрадули бара реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, ми ја зедовте репликата. Не се работи г-дине Караџоски за храброст, туку се работи за познавање на Деловникот и познавање на правната процедура. Предлагачите на амандманот согласно Деловникот ќе се јават кога ќе биде расправата по текстот. Затоа ве молам и апелирам јас до сите пратеници кои зборуваат да се држат на расправата, сега сме по предлог законот. Кога ќе дојде расправата за амандманите, односно расправата по текстот, тогаш ќе размениме аргументи.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас сакам да му се заблагодарам на г-динот Макрадули што толку умешно ни го толкува деловникот. Очигледно г-дине Макрадули ќе станете стручен за толкување на Деловникот. Само едно да не заборавиме, јас не бев прв дискутант, веќе сум некаде при крајот и ако тој принцип претседателот на Собрание го дозволил во сите други расправи, не ја гледам причината зошто јас не би можел да зборувам онака како што другите зборуваа. Да бев прв дискутант, ќе го почитував тоа право,но со оглед на тоа што претседателот на Собранието го дозволи, не ја гледам причината зошто сега мене ме опоменувате.

И друго да ви кажам, зошто го отворивме претресот по амандманот во општата расправа г-дине Макрадули, затоа што очекуваме дека претставникот на Владата кога ќе дојде да се претресува амандманот ќе каже два збора: амандманот се прифаќа. И ние ќе ја немаме можноста да дискутираме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не ве опоменувам јас вас. Ви дадов збор, никој не ве прекина. Кога повикавте некој да го образложи амандманот посочив на фактот од Деловникот дека амандманот ќе се образложи кога ќе расправаме по амандманот. Сега е општиот претрес.

Има збор Мери Младеновска Георгиевска.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА ГЕОРГИЕВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас не сакав да ги образлагам причините за предлагање на законот за измени и дополнувања на Законот за Републички судски совет, со Предлог закон, од причини што сметав дека причините кои што се писмено обработени и кои што се до сите вас доставени се доволни за да бидете запознаени кои се основите од кои што тргнува Владата при предлагањето на ваков текст. Меѓутоа, се предомислив заради дискусиите на пратениците кои што имав можност да ги слушнам. Навистина можам да констатирам дека некои од пратениците покажаа сериозна желба да се занимаваат со уставно право, но мислам дека во моментот остануваат само на тоа, затоа што наместо да се расправа со Предлогот на Законот за измени и дополнувања на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлог закон кој што е предложен од Владата, овде во најголем дел дискусиите беа насочени на амандманите кои што се предложени од некои од пратениците од Собранието. И не можам да кажам дали нешто чувме што е во функција на расправа по текстот на измените предложени од Владата. Но, сепак, имаше и такви дискусии, но истите отидоа во една амплитуда, слободно можам да кажам според која ќе цитирам: нема потреба уставниот амандман да биде внесен во законот. Сакам да појаснам дека таквото тврдење е неосновано. Затоа апелирам до овие пратеници кои што имаат такво, или слично мислење да ги прочитаат првите одредби од сите закони за да можат да бидат каде и на каков начин се црпи уставниот основ за нивно донесување. Уставните одредби се основ за изготвување на законски текстови и истите мораат како основ да бидат имплементирани во законски текстови. Заради изградување на конзистентен правен систем кој е пракса во сите демократски земји за кои што ја сметам и нашава, сите промени во Уставот како највисок правен акт мораат да бидат следени со промени во законите. Во спротивно уставните одредби би биле неприменливи и би постоела колизија помеѓу Уставот и законите. Од овие причини основната причина поради која што се предлага донесување на закон за измени и дополнувања на Законот за републичкиот судски совет е токму имплементација на амандманот 14 на Уставот според кој се пропишува постапката за избор на тројца членови од Советот во која што мора да биде вградено мнозинство од пратениците што се припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија покрај мнозинството од вкупнот број пратеници.

Втората причина поради која што се предлагаат измени и дополнувања на законот се усогласување на Законот за Републички судски совет со Законот за државни службеници во однос на одредбите кои што се однесуваат на стручната

служба на вработените кои што имаат статус на државни службенци и кои што имаат права и обврски согласно тој закон.

Во дискусиите на дел од пратениците беше спомената желба на Владата, на власта да влијае врз изборот на судиите. Дека тоа не е точно можам да кажам, врз основа на основите за стратегија на борба против корупција која што ја усвои Владата според која цврста е определбата на Владата да се прават реформи во судството кои што ќе значат менување на начинот и постапката на избор и разрешување на судии и утврдување предлози за разрешување, па тогаш пратениците бидејќи за оваа цел потребно е да се напрват измени во Уставот ќе можат навистина и преку својот глас да кажат дали навистина го поддржуваат ваквиот правец на развој на правото и во однос на судството кај нас, или пак само дебатираат и ги користат пратеничките клупи за да влијаат, или да ја искористат можноста да бидат презентирани преку медиумите да влијаат врз дел од граѓаните. За да не се случи тогаш како што се случи и во изминатиот период во однос на измените на членот 17 од Уставот. Затоа велам, Владата е цврста во определбите за реформите токму за изградување на независно судство и дигање на независноста на повисоко ниво, но тогаш пратениците ќе можат да кажат дали навистина тоа го поддржуваат, или не.

Од пратеникот Караџоски јас бев спомената, бев дури и цитирана во однос на мојата изјава кога минатито пат беше повлечен од страна на владата предлогот за измени и дополнувања на закон, но морам да кажам дека погрешно бев цитирана заради тоа што јас во мојата дискусија воопшто не навлегов во анализа на текстот на законот кој што евентуално подоцна од Владата би бил доставен во Собрание, конкретно мислам на одредбите кои што се однесуваат за старосна пензија, туку повторно ќе се цитирам. Кажав дека ќе се направат одредени функционални промени на законот кои што ќе ја подобрат неговата имплементација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Веројатно се однесуваше на мене кога зборував за влијанието на изборот на судскиот совет во смисла на тоа како ќе биде понатаму изборот на судиите. Јас воопшто не кажав дека Владата ќе врши притисок во изборот на судиите, туку зборував за парламентарното мнозинство.

Тоа е различна работа. А во однос на изјабвата која што заменик министерот ја дал, еве, сега повторно ќе прашам која е таа функционална измена на текстот , кога од еден текст во првата верзија, не знам точно со колку членови, но сигурно повеќе отколку денес, ни се предлага еден текст со два или три члена и во што е таа функционална примена на Рамковниот договор, како што кажавте. На што се однесува таа функционална промена или од целото ова искажување на заменик министерот воопшто не слушнавме образложение која беше причината законот да се повлече од законска процедура и која е причината што сега се предлага вака како што се предлага.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Има збор господинот Блаже Стојаноски, реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас се надевам дека ќе ни биде дозволено како пратеници тука да дискутираме по овој Предлог на закон, затоа што држењето лекции на пратениците од типот -кога ќе започне реформата на судството, ќе може да дискутираме вов рска со уставните измени кои се однесуваат на таа проблематика, како и несериозноста во однос на итноста на предлагањето на овој закон. Двапати со иста итност доаѓа законот во рок од три месеци. Сметам дека ова е несериозно од страна на Министерството за правда, односно од страна на Владата.

И трета работа, она што го кажа господинот Караџоски, функционалното подобрување на текстот ќе следи , а тоа функционално подобрување се однесува единствено на препишување на истите одредби кои беа предложени за седницата што беше закажана за 25 февруари, на која требаше да биде ставено на дневен ред ова прашање, а истовремео, образложението за тој тогашен Предлог на закон беше тоа што и сега го кажа заменик министерката за правда, а тоа е дека се инкорпорира Амандманот ЏИВ од Уставот на Република Македонија за именување тројца претставници од заедниците , кои бројат над 20%. Значи, ако е тоа целта, тогаш целта на разрешувањето со неуставно предложениот Амандман на текстот на овој Предлог на закон за предвремено пензионирање на членовите на Републичкиот судски совет е директно во корелација со предлогот на Владата, кој што беше поставен за седницата на Собранието за 25 февруари оваа година, а всушност тоа беШе искажано од страна на министерот за правда на прес конференција, кој ги

искажа истите оние аргументи кои сега ни зборуваат пратениците што се предлагачи на овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

По втор пат на дневен ред е Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за Републичкиот судски совет, со Предлогот на закон . Значи, некаде кон крајот на февруари го имавме истиот закон, без амандманот кој сега се приложи и истиот беше повлечен. Се надеваме дека нема да биде повторно даден пред пратениците. И добро беше што не беше даден со амандманот, меѓутоа, со приложувањето на амандманот, состојбата е малку поинаква.

Во Предлогот на законот се наведени причините за донесување на законот. Како прва причина се наведува усогласување на постојниот Закон со Уставот на Република Макеоднија, односно со Амандманот ЏИВ од Уставот на Република Македонија. Како втора причина е усогласување на постојниот Закон со Законот за државни службеници во делот на Стручните служби и трето, пак ќе го цитирам Амандманот “потреба од прецизирање на одредбите за престанок на функцијата на член на Републичкиот судски совет”, малку парафразирано, меѓутоа, во суштина е тоа. Ова беше впрочем и трета причина во првиот Предлог на законот што беше на дневен ред на 25 февруари 2003 година.

Ќе се обидам да ги анализирам причините, за да видиме дали тие се реални и вистински, или претставуваат само некоја форма. Ќе почнам од првата причина. Усогласување на постојниот Закон за Републичкиот судски совет со Амандманот ЏИВ на Уставот на Република Македонија, со кој е дополнет став 2 од член 104 на Уставот. Да Ве потсетам дека овој Амандман е последица на Рамковниот договор , односно Охридскиот договор и има причини поради кои сметам дека ова не оди. Како прво, со самото тоа што ова е обврска од некаков договор, значи е договор меѓу две страни, односно постои обврска меѓу двете страни. Ние упорно тргнуваме кон имплементација на Рамковниот договор и ќе потенцирам дека тоа е добро, веќе имаме консензус за тоа и на меѓународната заедница и тука во Република

Македонија , но притоа многу малку гледаме на другата страна, односно на исполнување на обврските на другата страна од Рамковниот договор .

Ќе потенцирам, во точката 2 од Рамковниот договор , впрочем, тој е составен дел во текстот на Уставот, мислам во материјалот кој што ни е даден како Устав, каде децидно пишува: " Прекин на непријателствата, целосен прекин , целосно и доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи и нивно целосно доброволно распуштање". А во Анекс Ц, точка 3 децидно пишува: "Враќање на бегалците, ревитализација и обнова на нивните домови". Да видиме дали сето ова е исполнето. Сметам дека нема целосен прекин на непријателствата, нема целосно и доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи, како што пишува во Рамковниот договор , да речам дека има и нови закани, нема целосно и доброволно распуштање - впрочем, за разоружувањето и доброволно предавање на оружјето веќе носиме и закон. Исто така, бегалците не се вратени во своите домови, раселените односно избрканите сеуште живеат во крајно мизерни услови во домовите, дури, жално е да се гледаат нивните маки. И главната причина за невраќањето на раселените е од безбедносен карактер, а не од материјален, како што се сака често да се потенцира.

Според тоа, треба да се свртиме и на другата страна, за да би можеле со целосно задоволство да тргнеме кон поинтензивна имплементација на Рамковниот договор во однос на обврските во законодавството, што е наша обврска. И да го усвоиме овој член од Предлогот на законот, ништо битно не се менува, односно и со него и без него е исто. Зборувам за член 1 од Предлогот на законот. Во Уставот со Амандманот ЏИВ е регулирано колкав број на членови се избираат од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и на каков начин и со колку гласови, односно тројца членови со повеќе од 50% од немнозинските заедници. Во Предлогот на законот е препишан истиот амандман, но во малку поинаква форма.

Според тоа, нема потреба законски да се уредува, кога веќе целосно и недвосмислено е уредено со Уставот. Значи, ние би требало само тоа да го имплементираме.

Овој член, односно членот 1 од Предлогот на законот всушност претставува параван за Амандманот кој подоцна ни беше доставен, со кој се предлага одење во пензија, со кој во пензија ќе се пратат 5 членови на Републичкиот судски совет , за да може да се прими уште еден од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија , како обврска од Рамковниот договор .

Јас би потсетил дека сега во  Републичкиот судски совет има двајца, а двајца од седум е 30%, значи повеќе од 20%, колку што е за немнозинските заедници. Пак ќе повторам, нема потреба од амандманското уредување на оваа област.

Како втора причина е усогласувањето со Законот за државни службеници и сметам дкеа е вред, сметам дека е единствената причина за да се донесе овој закон, да остане членот 2, да не постои ниту амандманот, ниту членот 1. Со ова Законот за Републичкиот судски совет ќе се усогласи со Законот за државни службеници.

Третата причина е потреба од прецизирање на одредбата за престанок на функцијата член на  Републичкиот судски совет , доколку се исполнети условите за старосна пензија.

(Претседателот на Собранието г-дин Никола Поповски излегува од салата, а со седницата продолжи да раководи потпретседателката на Собранието Лилјана Поповска).

Тоа е законска материја, според предлагачите, бидејки  Републичкиот судски совет е во дел ИВ од Глава ИИИ , а делот ИВ е судство.  Оваа причина практично е панична последица од првата причина, ако се земе предвид дека треба да се реализира веднаш првата причина , односно тројцата членови да бидат од заедниците кои не се мнозинство, без да се чека 2006 година, кога им истекув амандатот на членовите на  Републичкиот судски совет . Јас се прашувам дали ова е единствениот начин, дали ова е најбезболниот начин, дали ова не е кршење на Уставот.

Амандманот кој се приложи гласи: “ Во член 9 се додава нов член 3 кој гласи: “Членот на Советот се разрешува ако ги исполнува условите за старосна пензија”. Во Законот за   Републичкиот судски совет , членот 9 гласи:

“ На членот на Советот му престанува мандатот ако поднесе оставка.

Членот на Советот ќе биде разрешен ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор најмалку од 6 месеци или кога трајно ќе ја загуби способноста да ја врши функцијата, што го утврдува Советот врз основа на наод и мислење на надлежна здравствена комисија”.

Овие причини , при кои му престанув амандатот на членот на  Републичкиот судски совет се непредвидливи услови, додека старосната граница е предвидлив услов и затоа тоа не е пропишано во Уставот, иако уставотворците знаеле и ако имало потреба би го пропишале тоа.

Во член 104 од Уставот стои: “Членовите на Советот се избираат од редот на истакнати правници за време од 6 години со право на уште еден избор”, што значи

тие не се само судии, со што се сака да се каже дека за членовите на Републичкиот судски совет треба да важат истите услови , како и за судиите. Значи, мандатот на членовите на Советот е уставна категорија и мора со Устав да се промени, а не со закон, како што се сака тоа да се направи со Амандманот. Во таа смисла, дека само со уставна одредба се менува, може да се заклучи од членот 128 од Уставот, каде што пишува: "Мандатот на претседателот на Република Македонија , Владата , судиите а Уставниот суд и членовите на Републичкиот судски совет се продолжува за времтраење на воена и вонредна состојба". Од ова може да се заклучи дек амандатот на член на Републичкиот судски совет е во ранг на мандатот на уставните судии и Претседателот на Република Македонија , а тоа е без ограничување на мандатот со старосна пензија. Значи, уставотворецот размислувал кога мандатот може да се промени. Тоа е впрочем член 128 во кој се продолжува мандатот. Ако имало потреба, тогаш би било регулирано и неговото престанвуање, нормално, со уставна категорија.

Во образложеневто на амандманот стои, со оглед на тоа што Републичкиот судски совет е во Делот ИВ од Глава ИИИ , и тоа е судство, со тоа членовите на Републичкиот судски совет се изедначени со судиите.

Во член 99 од Уставот се вели: " Судијата се избира без ограничување на траење на мандатот". Доколку не се прецизира кога ќе се разреши, ќе излезе дека судиите ќе бидат судии доживотно, значи доживотно ќе судат, затоа е ставено исполнувањето на условите за старосна пензија за престанок на мандатот на судиите.

Членовите на Републичкиот судски совет имаат конечен мандат, кој трае 6 години, односно не е безконечен и доживотен како што беше кај судиите, па да мора да се ограничува. Ако се усвои амандманот, може да настане случај кога ги избираме членовите на Републичкиот судски совет да мораме да погодуваме да бидат минимум 6 години пред пензионирање.

Сметам дека треба да се повлече амандманот и Законот да го донесеме со консензус и да го симнеме сомнежот дека со овој амандман сакаме да направиме зависно судство.

Претседателто на Собранието не е тука, меѓутоа би сакал да кажам нешто и во врска со неговото учество во овој закон. Имено, амандманот е доставен на 23.05.2003 година во 14,56 часот, на крајот од рокот од 5 дена, на крајот од работниот ден, на крајот од седмицата, односно последниот работниот ден од седмицата. Тој стоеше во Архива се до 28.05.2003 година и во 10,00 часот на

седницата ни беше поделен. Притоа, претседателот на Парламентот не се обиде да ни го испрати преку пошта, а имавме случај одговор на пратеничко прашање да се достави ноќе во 0,2, 03, 04, 00 часот со полициска придружба кога дента имаме редовна седница, на која нема пратенички прашања. Човек се прашува и ние пратениците се прашуваме дали ова не е игра во која е вклучен и претседателот на Собранието. Значи, на мала врата се сака на оваа седница да се протурка овој амандман, иако , пак ќе кажам, претседателот пред 3 дена кога почна седницата го прекрши и членот 170 од Деловникот, во кој во став 4 децидно стои: " Ако усвојувањето на амандманот би предизвикало побитни изменувања на текстот на Предлогот на законот, за амандманот-ќе потенцирам-не може да се одлучува на седница на Собранието, ако надлежното работно тело и Законодавно-правната комисија не го разгледале и не поднеле извештај за тој амандман". Претседателот, притоа, не убедуваше дека претседателот на Законодавно-правна комисија треба да побара прекин на Собранието, за да може да заседава и да ја оцени или да даде извештај за амандманот. Јас сметам дека оценката требаше да ја даде претседателот на Собранието , да даде пауза и во една нормална процедура да заседава Законодавно-правна комисија .

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, јас се извинувам, само ако може да престанете со обвинување кон претседателот во негово отсуство. Мислам дека не е коректно.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас се извинувам, морам да го кажам тоа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, меѓутоа, имаме некој став овде, сосема конкретни работи наведувате и конкретни обвинувања, а сме договорени дека нема да се обвинуваме ако било кој не е присутен.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Не е обвинување ова, ова се факти.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во случајов, ова се случува во моментов кога претседателто излегува. Мислам да бидеме коректни. Продолжете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Добро, секогаш може да се менуваат претседателот и потпретседателите на Собранието, така што никогаш да не можеме да го кажеме тоа што мислиме да го кажеме.

Јас би сакал да потенцирам дека со овој амандман се сака да се завладее со Републичкиот судски совет , за да може судиите да се држат во страв. При ова, знаејки ги овластувањата кои ги има Републичкиот судски совет спрема судиите и кои се дефинирани во членот 105 од Уставот на Република Македонија , кои сакам да ги прочитам.

“ Републичкиот судски совет предлага избор и разрешување на судии, поведува дисциплинска одговорност на судиите, одлучува за стручноста и совесноста на судиите, предлага двајца судии на Уставниот суд”.

Исто така, сакам да потенцирам дека во судството веќе владее страв, се прават списоци, се прават можни предвидувања кој е новиот член на Републичкиот судски совет , се споменуваат луѓе блиски до власта, судии блиски или неблиски до СДСМ. Со ова сметам дека се сака да се трасира патот за масовните отпуштања кои ги планира оваа власт и бркањето од работа кои се најавуваат и остваруваат од власта.

При ова не реагира судскиот синдикат, значи го нема никаде иако само до пред 7-8 месеци беше многу бучен, невладините организации предводени од членот на Централниот одбор на СДСМ вкупно 150 не реагираат, не ги интересира, се согласуваат со сето ова што се случува. Значи, на некој начин во Република Македонија се е нормално.

На крајот само би апелирал да се повлече амандманот за да не се прекрши Уставот на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика од Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Кога на една на изминатите седници зборував за еден сега бивш министер кој кога сега слета на Скопскиот аеродром го дочекуваат со полиција бев

опоменат од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека е некоректно да зборувам за луѓе кои не се присутни овде. Ја прифатив таа сугестија.

Вие и господинот што седи пред вас зборувавте за министерот Славко Петров, кој не е присутен овде, а истиот ми ја даде таа сугестија, зборувавте за министерот Гошев кој не е присутен овде, а сега вие зборувате за претседателот на Парламентот кој исто не е присутен овде. Дали вашите принципи важат за сите седници или важат од седница до седница.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Коце Трајановски нема реплика.

Има збор г. Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Очигледно бев стрплив сакав да ги ислушам пратениците од опозицијата, меѓутоа очигледно се излетаа и ја измешаа деловничката процедура бидејќи цело време зборуваа за амандманите на Предлогот на измените на законот кој го има предложено Владата, а всушност процедурално претрес е отворен по самиот предлог за измени на Законот за Републичкиот судски совет предложен од Владата.

По завршувањето на овој претрес ќе следи претрес посебно за предложените амандмани од пратениците на СДСМ, ЛДП и ДУИ.

Јас нема да навлегувам во дискусиите на опозицијата, меѓутоа, морам да се оградам и да ги отфрлам енергично искажаните зборови во нивните дискусии од типот на монтиран политички процес, уништување на уставниот систем, перфидност, нихилизам, упад и кршење на Уставот, политичко влијание и контрола на судството.

Апсолутно овие зборови се непримерни и недостојни за овој Парламент и за оваа расправа, меѓутоа, тоа го оставам на совеста на пратениците од опозицијата кои ги искажаа ваквите зборови.

Јас ќе бидам дисциплиниран и кратко ќе се осврнам со коментар на Предлогот на Владата за Законот за измените на Републичкиот судски совет, а не на амандманите за што ќе зборуваме подоцна во својство на предлагач.

Имено, со предложениот закон за измени и дополнувања на Законот за Републичкиот судски совет, а тоа е господа од опозицијата тема на расправа во

моментот, се менува начинот на избор на Републичкиот судски совет, а тоа значи можност за поинаков состав на Републичкиот судски совет што е нормално, бидејќи се отвора нова постапка, а основ и обврска за тоа е уставниот амандман ЏИВ кој е составен дел на Уставот. Значи, правниот основ се влече оттаму, а сосема е друго прашањето и може некој безконечно да полемизира дали се прави во времетраење на мандатот. Доколку се прави некоја уставна реформа односно спроведување на Уставот, секогаш ќе се затекне некој во одреден мандат и таа работа ќе мора да се регулира на тој начин што директно се спроведува Уставот. Тоа за нас е впрочем обврска. Да ве потсетам од потпишувањето на Рамковниот договор односно од изменувањето на уставните амандмани на крајот од 2001 односно цела 2002 година поранешната власт - сегашната опозиција имаше доволно време и што е најважно имаше обврска да го направи ова што сега го прави ова парламентарно мнозинство. Бидејќи и тие кога беа на власт беа должни да го почитуваат и да го спроведуваат Уставот, меѓутоа, тие тогаш не го направија, па мораме тие грешки да ги исправаме.

Со оглед на фактот дека имаме нови уставни решенија во Уставот за Републичкиот судски совет да има целосен и потполн легитимитет и авторитет за да постапува согласно членот 105 од Уставот, а тоа значи неговите ингеренции да може да ги извршува согласно Уствот да предлага и избира судии и да одлучува за нивната одговорност неопходно е да се конституира новиот судски совет согласно измените на Уставот. Тоа е директна обврска до Уставот. Не можете никого да обвинувате дека го спроведува Уставот или да обвинувате за вашиот пропуст што не го направивте во времетраењето на вашиот мандат. Тоа беше неуставно тогаш. Со измените на Законот за Републичкиот судски совет со кој текст всушност е преземен текстот од уставниот амандман ЏИВ кој гласи: “тројца членови се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници при што мора да се има мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.”

Со ваквите измени на Законот предложени од Владата се создаваат услови за спроведување на конкретниот уставен амандман значи со Законот се операционализира уставната одредба, што е сосема согласно сите правни стандарди легитимно и дозволено.

На крајот потенцирам со овие законски измени само единствено, повторувам, се спроведува Уставот, а прашањето за престанокот на мандатот, господо од опозицијата, на постојниот Судски совет не се иницира со промените на Законот, туку тоа е веќе засегнато со промените на Уставот кои ние мораме да ги

спроведеме. Е, во тоа е разликата од она што вие го говоревте и не се навлегува во причините за избор, туку во причините односно основите за разрешување. Вие злоупотребувате некои одлуки на Уставниот суд од 1993 година, меѓутоа, за тоа ќе отвориме расправа, бидејќи не смеам сега да зборувам, кога ќе зборуваме, кога ќе го дадеме образложението по амандманите.

Значи, со овие измени да потенцирам единствено се обезбедува соодветна законска форма за имплементирање на уставните амандмани, а не се иницира промена на Републичкиот судски совет. Тоа прашање е веќе иницирано и засегнато и тоа е наша должност во самата промена на Уставот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Му благодарам на г. Кондарко.

За реплика се јави г. Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам да искажам едно чудење од начинот на кој се оградува господинот Кондарко од нешто што не го кажал затоа што она што го кажува опозицијата го кажува со аргументи, а имплементација на Охридскиот Рамковен договор на која се повикува, измените се вршени на сите други полиња каде што е застанато отколку да се почнува со измена на закон која не може да биде спроведена сега затоа што треба да истече мандатот на постојните членови на Републичкиот судски совет.

Во однос на аргументите кои ги дава за реализација на пензионирањето на Републичкиот судски совет можам само да го запрашам дали Уставниот суд, бидејќи не е предвидено со Уставот дека може да им престане мандатот на членовите на Уставниот суд само ако поднесат оставка. Судијата на Уставниот суд ќе биде разрешен од должноста ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци или кога трајно ќе ја загуби способноста да ја врши својата функција што ја утврдува Устaвниот суд.

Значи, не е предвиден престанок на мандатот заради исполнување услови за старосна пензија односно тоа како што милувате да кажете не е забрането. Дали тоа значи, ако биде прифатен преседанот кој се однесува на Републичкиот судски совет ќе може утре да се направи и со членовите на Устaвниот суд?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Прво, ме радува една работа што г. Кондарко свати дека треба да биде дисциплиниран и тоа добро со оглед на фактот дека припаѓа на позицијата. Денеска не мораше толку да биде дисциплиниран со оглед на тоа што го нема претседателот на Собранието за да го опомене кога не е дисциплиниран. Тоа е едната работа. Правото на недисциплина очигледно и припаѓа на опозицијата.

Господине Кондарко не можете да ме убедите дека опозицијата кога била на власт направила пропуст односно со тоа што не го имплементирала овој дел од Рамковниот договор со овој закон. Да не заборавиме една работа за се да се обвинува опозицијата, дали сте свесни уште колку закони како обврска од Рамковниот договор треба да се имплементираат. Дали можеше сето тоа да го направи претходната Влада. На крајот на кариштата Рамковниот договор е обврска и на позицијата и на опозицијата и не е ја гледам причината кој е тој што е заслужен за спроведување и имплементирање или кој е тој што не е заслужен. Обврската ја носите и вие и ние до крај онака како што сме ја потпишале.

Уште една работа вашето тврдење дека иницирањето на промената на персоналниот состав на Републичкиот судски совет е почнато уште со имплементирањето поточно со внесувањето на амандманот ЏИВ од Уставот на Република Македонија е апсолутно погрешно. Тоа имплементирање може да се направи со закон како што го предлага Владата денеска и тука завршува. Јас би вр прашал ако е така како што велите зошто воопшто поднесувате амандмани денеска. Зошто ви се потребни амандманите како што ги кажавте ако имплементирањето, како што рековте, завршува и почнува со Уставот, па и со овој закон што Владата го предлага. Очигледно не е така како што зборувате.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г. Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Почитувани колеги пратеници, мора да кажам на самиот почеток дека јас навистина немав намера да се јавам за дискусија во врска со оваа точка на дневен ред, бидејќи сметам дека текстот по предлогот како е даден требаше да помине без дискусија, бидејќи претставува имплементација на Рамковниот договор, односно тоа е текст кој е влезен во текстот на Уставот и сметам дека денеска не требаше многу да дискутираме, меѓутоа, мораме да признаеме дека владее незадоволство особено кај опозицијата кое е предизвикано од поднесениот амандман поднесен од г. Кондарко и неколку пратеници. Мојата дискусија денеска беше предизвикана токму од тој амандман.

Имено, не бев многу изненаден иако можам да кажам дека сум изненаден бидејќи за релативно краток период од 2 месеци повторно е ставен овој Предлог на закон заради тоа што сите знаеме тој беше повлечен пред 2 месеци, бидејќи ;предизвика огромна реакција како од домашната јавност каде имаше укажувања од домашните првни експерти и установи околу законитоста односно незаконитоста на овој Предлог закон. Исто така имавме доста реакции од странските меѓународни структури, меѓутоа, Владата односно предлагачот на тој текст имаше слух и едноставно тој Предлог закон беше повлечен и сметавме дека на тоа треба да се заврши односно денешниот текст на законот така како што е предложен треба да си помине без било какви дискусии, но реков заради дополнителното поднесување на амандманот од страна на дел од пратениците од позоцијата морам да кажам дека го предизвикаа нашиот револт и сугурно нема да го дадеме гласот за овој Предлог закон.

Морам да кажам дека сите овие аргументи едноставно не држат и во самиот предлог затоа што едноставно така како што е даден особено текстот на амандманот претставува целосна партизација на правосудниот систем односно правниот систем на Република Македонија.

Како што реков предизвика мало изненадување поднесувањето на овој Предлог закон, морам да кажам дека уште повеќе ме изненади амандманот кој беше доставен до нас. Сакам да потенцирам, бидејќи претседателот на Собранието не е тука бидејќи амандманот е поднесен на 23 мај, но од кои причини до нас пратениците овој амандман беше доставен на самиот ден на седницата, па се поставува прашањето зошто тој амандман е доставен на самиот ден на седницата, зошто не е благовремено пратен и дали имаше некаква намера, бидејќи се работи за некаков пропуст дали тоа службите го имаат направено од небрежност или се работи за смислена постапка во која веројатно е вклучен и претседателот, но

бидејќи претседателот на Собранието не е тука се договоривме да не зборуваме за личности кои не се тука еве за вас госпоѓо потпретседател дали вие не бевте вклучени во оваа работа?

Сметам дека ваквиот начин на однесување не е добар, едноставно претставува лоша практика на СДСМ за целосна партизација на правосудството почнувајќи од она што значи обвинителство, судство, полиција, Уставен суд, Врховен суд, итн. Така како што се поставени работите и така како што денеска е поставено Правосудството за мене се поставува прашањето што е со правдата. Едноставно дали има правда и која е таа правда. Дали не значи монтирање на целокупниот процес од поднесување на пријава па доаѓање пред судот не значи целосна партизација, монтирани процеси или по онаа стара изрека кадија те тужи, кадија те суди. За мене тоа е нонсенс доколку ние како држава сакаме да се приближиме до западноевропските правни системи ќе мораме многу поинаку да се однесуваме.

Исто така се прашувам дали вака поставени работите како денеска што ги работиме дали не претставува сигнал за граѓаните за едноставна нивна послушност. Дали не е се партизирано затоа што ете реков како што стојат работите од изборот на она што значи јавни обвинители до назначување на началниците, до изборот на судиите на Уставниот суд, Врховниот суд, сето тоа на некој начин е во режија на актуелната власт и затоа сметам дека на тој начин се врши една целосна партизација на правниот систем на Република Македонија. Сега остана уште Судскиот совет и сега се прават напори и таа работа да се заврши.

Со поднесениот амандман макар да требаше да дискутираме по Предлог законот, меѓутоа, реков дека многу ме предизвика и го предизвика нашето внимание поднесениот амандман од дел од пратениците на кој е потпишан г. Кондарко. Со овој амандман едноставно сакам да кажам дека фактички се сака да се промени целокупниот состав на Републичкиот судски совет и нормално да се стават свои луѓе и дефинитивно целосно да се заокружи таа партизација. Или поконкретно ако евентуално не се направи тоа на некој начин да се дисциплинираат и да се контролираат членовите на Републичкиот судски совет.

Сметам дека денеска за да не прогнозираме понатаму претставниците на Владата да се произнесат дали амандманот што е поднесен го прифаќаат или не го прифаќаат. Доколку не се прифаќа мислам дека ќе бидат излишни нашите дискусии и едноставно би се насочиле кон Предлогот за донесување на Законот за

изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет, онака како што е предложен од Владата на Република Македонија.

Во врска со амандманот, дали амандманот е издржан или не е издржан според мене апсолутно не е, затоа што члено104 од Уставот на Република Македонија е многу дециден особено во ставот 2 кој вели: "Членовите на Советот се избираат од редот на истакнати правници за време од 6 години, со право уште на еден избор". Значи мандатот на член на Републички судски совет може да престане само со истекот на рокот од 6 години односно доколку тој е избран уште 6 години и со истекот на тој рок. Значи, тој е единствениот лимитирачки услов кога престанува мандатот на член на Републичкиот судски совет.

Сметам дека претставува една груба повреда или нонсенс со закон да менуваме устав. Тоа се нема случено со предложениот амандман кој веројатно е дел од Законот да се изврши упад во Уставот, односно во една материја која ја регулира Уставот на Република Македонија. Со ваквиот амандман имаме целосна повреда на членот 23 од Уставот на Република Македонија каде што е регулирано правото да учествуваат сите граѓани на Република Македонија во обавувањето на јавните функции.

Исто така членот 54 од Уставот на Република Македонија каде што е кажано дека слободите и правата на граѓаните на Република Македонија можат да бидат ограничени само во случаи и во услови предвидени со Уставот. Во конкретниот случај таква ситуација нема.

Бидејќи за овој амандман сметам дека претставува упад во Уставот, предлагам истиот да биде повлечен од страна на подносителот или евентуално Владата да не го прифати.

Едноставно се повикуваме дека Предлогот на законот заедно со тој амаднман претставува имплементација на амандманот ЏИВ од Охридсксиот Рамковен договор. Без тој амандман сметам дека не е доведен во прашање Рамковниот договор воопшто, бидејќи тој амаднман веќе е составен дел на Уставот и не е во прашање неговата целосна имплементација.

Се прашувам дали амандманот што е поднесен од група пратеници, за кој дискутираме, или евентуално дали со амандманот со кој се предлага пензионирање на дел од членовите на Републичкиот судски совет тоа едноставно претставува имплементација на Рамковниот договор. Според мене тоа е излишно да се дискутира.

Исто така, сакам да кажам во овој момент дека имплементацијата на овој амандман не смее да биде на товар на кршењето на други одредби од Уставот. Во конкретниот случај ние ја кршиме одредбата од членот 104 од Уставот на Република Македонија.

На крајот сакам да се надоврзам на неколку изјави од господинот Кондарко дека ние ги имаме испомешано работите и дека во овој момент треба да дискутираме за Предлогот на законот, а не за амандманот, меѓутоа ние ќе дискутиравме по Предлогот на законот, не по амандманот, но имајќи во предвид како амандманот ни беше доставен, знаејќи дека тој до Собранието беше доставен на 25 овој месец од неразбирливи причини не беше доставен до пратениците на Собранието на Република Македонија, туку беше доставен на денот на одржувањето на седницата на работните маси, доколку тој амандман беше благовремено поднесен сигурно денес ќе дискутиравме прво по Предлогот па потоа и по амандманот.

Дали со ова ние го спроведуваме Рамковниот договор или не, мислам дека тука е неспорно. И ние не сме против Рамковниот договор бидејќи тој е прифатен, тој е потпишан и дел од уставните одредби, па според тоа мислам дека со амандманот што е предложен, кој што нема да го прифатиме, сметам дека нема да биде доведена во прашање реализацијата на Рамковниот договор.

Исто така мислам дека господинот Кондарко ќе треба да се извини на постојните членови на Републичкиот судски совет, кога кажа дека ние сега треба да избереме нови членови на Републичкиот судски совет кои ќе бидат компетентни да ги извршуваат своите работи и задачи. Јас се прашувам зарем досегашните членови на Републичкиот судски совет не беа компетентни и дали тие до сега не ја извршуваа својата работа успешно. Мислам дека е тоа навреда за постојните судии и добро би било од говорницата на тие луѓе да се извини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Реубличкиот судски совет.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам колегите пратеници ако се наоѓаат во близина на собраниската сала да влезат за да гласаме.

(Пратениците влегуваат во салата)

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои за гласале 67, воздржано 1 и против никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собраинето го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници и сите за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на ;лен 2 кој се однесува на членот 37 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Борис Кондарко, Славица Грковска, Андреј Жерновски, Лилјана Ивановска, Теута Арифи и Ејуп Рустеми поднесоа амаднмани за додавање нов член 1-а по членот 1 и за додавање нов член 2-а по членот 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1 поднесен од пратениците Борис Кондарко, Славица Грковска, Андреј Жерновски, Лилјана Ивановска, Теута Арифи и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ГЕОРГИЕВСКА:

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувани пратеници, сега ќе разговараме за предложените амандмани што вие ги оспорувате.

Имено, со амандманот И кој гласи дека членот на Советот се разрешува кога исполнува услови за старосна пензија всушност ние предлагачите, пратениците на СДСМ, ЛДП и ДУИ предлагаат да се воспостави нов основ односно нов начин на престанок на функцијата член на Републичкиот судски совет во Законот за Републички судски совет.

Сметаме дека ова значи имплементирање односно усоглассување на Законот за Републички судски совет со Уставот на Република Македонија и тоа во делот за судство каде што спаѓаат и судиите и јавните обвинители и каде и за овие катогории на функции е предвидено дека со исполнување на условите за старосна пензија на овие лица им престанува мандатот на соодветните функции.Од тие причини неприфатливи се образложенијата на опозицијата дека со тоа се ограничуваат човековите права. Особено неприфатливо е повикувањето на членот 23 од Уставот на Република Македонија кој што вели дека секоја јавна функција е достапна за секој. Тоа е точно. Ние не го ограничуваме изборот на никој да конкурира за ниедна институција, па конкретно и Републичкиот судски совет.

Опозицијата во својата дебата ги измести тезите со цел да прикаже пред јавноста дека власта прави незаконски упад во системот за избор на Републички судски совет. Се разбира тоа не е точно од причини што ние со овој амандман за исполнување на условите за старосна пензија едноставно предлагаме основ за престанок на мандатот господо од опозицијата а не основ за избор. Во секоја случај она што го предвидува Уставот дека единствен критериум за избор на член на Републички судски совет е категоријата истакнат правник тоа и понатаму останува. Сите истакнати правници и понатаму ќе имаат еднакви можности да конкурираат за избор на оваа функција. Меѓутоа, што се менува? Се менува основот за престанок на оваа функција.

Со тоа доколку појдете од таа логика дека се ограничува слободата и достапноста на јавните функции за секој и ако така го гледата и толкувате Уставот тогаш ќе дојдете до еден правен апсурд според кој и според вас самиот Устав ќе испадне контрадикторен односно не уставен, затоа што со постоењето на такви одредби за старосна пензија и престанок на мандатот кај судиите и обвинителите по исполнувањето на тој услов на овие лица им престанува мандатот. Тоа значи дека според вашата логика за недостапност на јавната функција после престанокот на мандатот Уставот е контрадикторен според вас дека и на овие категории судии и обвинители не им се достапни овие функции, што е нормално, не им се достапни бидејќи одат во пензија. Така да толкувањето на членот 23 е симптоматично и злонамерно од ваша страна со цел пред јавноста да се создаде некаков поинаков впечаток.

Господо од опозицијата вие многу станавте критични кон амандманот И за пензионирањето на членовите на Републичкиот судски совет. Меѓутоа, да ве прашам дали воопшто правите разлика помеѓу амандманот И и амандманот ИИ. Ќе

го поставам прашањето дали амандманот ИИ, да претпоставиме дека го нема и амандманот И за пензионирањето, не ја апсорбира целта односно новиот начин на избор. Да ве прашам како мислите согласно измените на Законот кои ги предложи Владата и за кои вие гласавте пред малку, како мислите да се имплементира новата уставна одредба за избор на тројца членови на Републичкиот судски совет со посебно мнозинство од заедниците кои не се мнозинство во Парламентот? Значи кој ќе биде ако тој избор не се спроведе на целиот состав на Републичкиот судски совет, бидејќи тогаш би се довеле во нерамноправна положба членовите на Републичкиот судски совет на некој од нив тројца да им престане мандатот што секако не е ниту правно, ниту праведно.Меѓутоа, основното прашање е доколку вие така го замислувате дека со просто бришење на тројца членови ќе се имплементира Уставот, секако тоа не е возможно бидејќи нема определено ниту уставен закон за спроведување на Уставот, ниту рокови, ниту постапки. Затоа Владата, пратениците, законодавецот мора по пат на измени на Законот да го регулира тоа и по пат на преодна одредба. Значи бадијала се жестевте за амандманот за пензионирањето, дури и тој да го немаше дури и тој да го повлечеме, а нема да го повлечеме овој пат, нема шанси, ве уверувам, останува одредбата преодна односно амандманот 2 дека за да се изберат нови тројца членови на Реубличкиот судски совет со ново мнозинство треба да се направи реизбор на постојниот состав на Републичкиот судски совет, бидејќи нема утврдено критериуми со кое образложение на кого и кој ќе одреди кои тројца ќе испаднат. Тоа е основното прашање. Затоа за да се спроведе Уставот рамноправно за сите мора да се направи реизбор на сите. Одредбата за пензионирање е дополнителен основ кој законодавецот го наведува.

Исто така, направивте груба злоупотреба и си земавте за право да толкувате Одлука на Уставен суд донесена 1992 година У.број 268/92 од 2 април 1992 година со која тогаш Уставниот суд со свое образложение го укинал членот 7 од Законот за Републички судски совет според кој Уставниот суд оценил дека било неуставно да Владата односно Собранието освен терминот “истакнати правници” , зборувам како критериумн за избор да употребува во законот дополнителни критериуми. Тој член Уставниот суд го укинал, Владата го почитува така да никој не прави упад во начинот на избор. Начинот на избор е широк, достапен за секого и единствено како критериум согласно и таа одлука на Уставниот суд важи критериумот “истакнати правници”. За истакнати правници ниту во Уставот, ниту во Законот нема дефиниција што е тоа така да неможете вие да тврдите дека се укинува можноста на истакнатите правници да конкурираат. Не, тие истакнати правници што ќе бидат

избрани кога ќе ги исполнат условите за старосна пензија согласно законот ќе им престане мандатот.

Друга работа, секогаш кога се прави реформа во било која сфера, па сега и во судските институции, односно во судскиот систем секогаш се затекнува некоја постојна состојба. Како мислите вие без преодна одредба да се примени директно Уставот во услови кога нема уставен закон за спроведување на Уставот. Тоа мора да се направи со доразработка на соодветни закони, со соодветни законски измени и соодветни амандмани кои што се предложени денес. Значи денес тука нема ништо противуствно.

Исто така, ниту може ниту смее со Устав да се поставува еднократна цел и да се прекинува мандат а некого односно да се сменува некого. Апсолутно тврдам дека тоа не е целта, туку целта е да се примени Уставот со соодветна законска норма и со тоа да се воведе и да се почитува новиот начин на избор. Значи никој не е сменет, туку се воведува нов начин на избор, а новиот начин на избор за да се спроведе мора да се спроведе на сите членови на Републичкиот судски совет, бидејќи нема критериуми кој може да отпадне и кој ќе ја изврши таа селекција.

Јас понатаму сакам да се задржам само на аргументите кои ги нудат предлагачите на амандманите, ќе бидам коректен и не сакам да ја обременувам расправата и да создавам простор со неаргументирани дискусии да се одоговлечува расправата, бидејќи повеќето од членовите од опозицијата навлегуваа во некои моиви на Владата за повлекувањето, се враќаа назад во февруар месец оваа година кога Владата го повлече тој закон. Владата го повлекла тој закон, сигурно имала причини за тоа. Причините Владата си ги образложила. За измените што сега се предлагаат повторно има причини и причините се образложени на соодветен начин. Ние за амандманите си поднесовме соодветно образложение и ве молам расправата да ја ограничите во овој сегмент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ра реплика се јави господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сметам дека ова е како пинг понг натпревар меѓу Владата на Република Македонија и пратениците, една добро режирана игра во која што Владата на Република Македонија целосно се дистанцира од неуставноста на предлогот кој што е од страна на пратениците. Господинот Кондарко не понуди ништо ново, односно

аргументацијата уште повеќе ги измеша лончињата. Меѓутоа, затоа што нема логика некој да може да биде избран после 65 годишна старост, а истовремено да му престане мандатот после тоа. Значи, условот за престанок на мандатот и условот за избор се најдиректно поврзани и еден од друг се условени, што значи дека држањето до аргументот дека некој има право да конкурира за член на Републичкиот судски совет кој што има над 65 години старост, односно исполнува услови за старосна пензија, затоа што тој не бил критериум за избор, туку бил критериум за престанок на мандатот за член на Републички судски совет е ништо друго, освен чудна квалификација од страна на колегата пратеник.

Од друга страна за судиите е децидно утврдено во Уставот по престанокот на мандатот, несакам да се повторувам понатаму, ќе го задржам правото на уште една дискусија да можам да се искажам понатаму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува Јорданчо Тасев.

ЈОРДАНЧО ТАСЕВ:

Јас ќе бидам почитуван потпретседателке многу краток. Навистина ме чуди како може едноставно, многу лаички господинот Кондарко да ни предлага, односно да ни сугерира еднотавно да го скршиме членот 104 став 2 од Уставот на Република Македонија. Јас го молам ако знае да ми даде толкување на членот 104 став 2 и доколку ме убеди дека е тоа така, сам ќе гласам за неговиот амандман.

Според мене, да не ги повторувам претходните дискутанти и претходните дискусии, сосема јасно е кога престанува мандатот на член на Републички судски совет. Значи, со истекот на мандатот од шест години, тука е многу јасно, се бира за шест години, уште еднаш доколку биде избран, повторно да се зголеми и со тоа автоматски неговиот мандат како член на Републичкиот судски совет престанува. Значи, со закон тоа е невозможно да се направи. Со ова внесуваме една голема правна несигурност, како би оправдале сега како пример би го зел претседателот на Републичкиот судски совет, господинот Десковски, еден угледен адвокат кој во времето кога биле распишани конкурси за избор на членови се пријавил и едноставно сега да му кажеме се шегувавме, те избравме и сега тоа не важи. Сега има еден несериозен пристап од страна на предлагачот и мислам дека е излишно да расправаме по оваа работа. Значи, сметам дека воопшто не треба да расправаме, значи предлогот што е со овој амандман едноставно

претставува кршење на уставна одредба тоа е членот 104 став 2 од Уставот на Република Македонија, мислам дека не треба да го расправаме и треба да го повлечеме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Јас навистина му должам одговор на господинот Јорданчо Тасев, бидејќи пропуштив во моето образложение да го образложам и тој основ на кој се повикува господинот Тасев, членот 104 став 2. Имено, одговорот е краток, овој уставен член само го определува времетраењето на мандатот. Никаде не се споменува во Уставот ниту во овој, ниту во било кој друг член дека Уставот ограничува, забранува или дека ги наведува ситуациите поради кои и зошто не може на некого да му престане мандатот. Тао е логичен заклучок бидејќи Уставот тоа не го ограничува и не го забранува. Тоа е одговорот на вашето прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Тасев, мислам дека со тоа се заврши и мислам дека треба да го почитуваме Деловникот. Во ред, можеби некој од вашите колеги ќе го каже она што вие сакате да го кажете.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувана потпретседателке, колеги пратеници,

Прво, дозволете ми да изјавам една благодарност да и се заблагодарам на заменик министерката, значи една честитка од нас што собра храброст да го одбие амандманот во името на Владата на Република Македонија што јасно укажува дека сите аргументи што опозицијата овде ги кажа, заменик министерот ги сфати и од тие причини нормално, го одби амандманот и не го прифати амандманот. Тоа е една работа.

Втора работа, господине Кондарко, вие како подносител на амандмаснот цело време не убедувате и цело време овде зборувате опозицијата, опозицијата и т.н., не убедувате за сите оние аргументи кои што ги кажавте. Меѓутоа, заборавате да ја убедите и на другата страна Владата на Република Македонија.

Вие заборавате дека предлагач е Владата на Република Македонија, не опозициајата. Опозицијата само ги кажа своите ставови и аргументи. Требаше да соберете сето тоа што нам ни го кажувате, сето она што овде ни го наброивте требаше да се однесува на Владата на Република Македонија, или најмногу во делот во кој што дирекното прашање ни го упатија предлагачите на амандманот еве го спомнувам Кондарко беше ние како мислиме да го имплементираме Рамковниот договор, доколку не се прифати амандманот. Сега тоа прашање незнам зошто го упатува на опозицијата. Тоа прашање навистина треба да го упати на Владата на Република Македонија и да ја прашаме Владата на Република Македонија, па добро, вие сте Влада, ние сме парламентарно мнозинство кое го подржуваме и како вие мислите да го имплементирате Рамковниот договор, со оглед на тоа што ни префдлагате закон кој не содржи одредби како што сакаат предлагачите на амандманот и со оглед на сите аргументи кои што ги изнесе. Значи, не е одговорно да се обвинува само опозицијата овде.Сега, како ќе се спроведе Рамковниот договор, господинот Кондарко ако не ме слуша ќе му раскажете вие, а дозволете ми да го прочитам образложението што го поднесува Владата на Република Македонија во овој текст. Значи, како навистина да се имплементира. Ако на господинот Кондарко не му е дадено правото да чита текстови, јас мислам дека го имам тоа право и ќе ви прочитам. Значи, цели што сакаат да се постигнат со уредување на односите на предложениот закон, образложение на Владата на Република Македонија и таа вели вака: Донесувањето на Законот за изменување на Законот за Републички судски совет има за цел да се усогласи постојаното законско решение со уставниот амандман и воедно да се имплементира Рамковниот договор во однос на измена на членовите на Советот.

Имено, со амандманот 14 на Уставот на Република Македонија е определено дека тројца членови на Републичкиот судски совет се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство од вкупниот број пратеници, кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Во функција на имплементација на овој уставен постулат и предложената измена на членот 7 со додавање на нов став 2 на постојниот закон, така што членот 1 за изменување и дополнување на Законот за Републички судски совет го операционализира амандманот 14 на Уставот на Република Македонија. Тоа е образложението на Владата на Република Македонија. Јасно кажува Владата на Република Македонија дека со фона што таа го предложи, се имплементира амандманот 14. Значи, паѓа сето ова што го кажува господинот Кондарко, паѓа во

вода обвинувањето на опозицијата што ги кажува дека како ние мислиме да го имплементираме Рамковниот договор, Владата на Република Македонија му одговорила, јас незнам зошто само со нас се расправа и тоа треба да го сфати.

Инаку, по однос на аргументите дека она што важи за судиите, важи и за Републичкиот судски совет и заради тоа треба да влезе амандманот 1-а со разрешување и повкувајќи се уште на членот 104 ставот 2, во кој што тој член одф Уставот зборува за именувањето, на тоа се повикува господинот Кондарко, тоа е апслутно и ние тоа го велиме. Токму тука е суштината. Значи, со оглед на фактот што во членот 104 од Уставот на Република Македонија се зборувас само за именување, а не и за разрешување на членовите на Републичкиот судски совет, не можеме со закон, особено не со ваков амандман да разрешува членови на Републичкиот судски совет и токму тука е контрадикторноста на сето оан што тука се предлага. Значи, со закон за судии сме регулирале и разрешување, затоа што Уставот кажува во членот 99 по кои услови се разрешува, за јавните обвинители исто така и за другите функционери. Не е случајно пропуштено во членот 104 што не е спомнато разрешувањето на членовите на Републичкиот судски совет. Затоа, до ден денеска сме именувале членови на Републичкиот судски совет кои имаат над 65 години. Значи, тоа не е случајно. Не е после 13 години некому му текнало, додека можеби тоа е пропуст, или со закон што можеме да го регулираме и претходно. Се сетивме сега после 13 години. Значи, токму тука е причината за противуставноста на она сето што ние овде го зборувавме, а не причината да се донесе ваков амандман.

Затоа, да упатувам апели е бадијала, затоа едноставно ве повикувам на вашата совест како пратеници од мнозинството, преиспитајте се уште еднаш кога ќе дојде до гласање на овој закон. На крајот на краиштата послушајте го советот на Владата на Република Македонија, затоа што во 99% случаеви тоа и го правите. Направете го и денеска.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За абор се јави претставникот на Владата на Република Македонија, госпоѓата Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА:

Благодарам.

Непримерно е да се дискутира за став на Владата на Република Македонија во однос на амандмани, бидејќи Владата на Република Македонија нема обврски да каже зошто прифаѓа, односно не прифаќа амандман, а уште помалку непримерно е да се зборува за, цитирам, неуставност на амандман. Согласно член 168 од Деловникот на Собранието на Република Македонија кое е пред мене, за амандманот има право да се изјасни предлагачот на законот. Во случајов тоа е Владата на Република Македонија, таа е предлагач и се изјаснуваме, немаме обврска да објаснуваме. Оценката пак за согласноста на законите со Уставот е во надлежност на Уставниот суд на Република Македонија и за тоа Владата на Република Македонија нема право да дава оценка.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика господинот Жарко Караџоски. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Госпоѓо потпретседателке,

Кога ја водите седницатса треба да упатите на претставниците на Владата на Република Македонија една сугестија, доколку незнаат, добро да знаат да го читаат Деловникот, меѓутоа, треба да знаат кој го спроведува Деловникот и на кого тој се однесува. Таа одредба што ни ја чита овде претставникот на Владата на Република Македонија имате право вие да ни ја читате, а не таа. Ние си го знаеме добро Деловникот и не треба таа да не повикува какви се одредбите и како ние да се владееме спрема Деловникот. Мислам дека тоа право го нема. Тоа може да си го кажува на седница на Владата на Република Македонија според Деловникот на Владата на Република Македонија. Тоа е едната работа.

Другата работа. Јас не побарав од претставникот на Владата на Република Македонија да се изјасни кои биле причините, дали го прифаќа или не амандманот. Јас само укажав една благодарност, со оглед дека го одби амандманот, значи, моја констатација сметам, не само моја, еве и од господинот Краљевски овде до мене што седи, па верувам и од другите пратеници, е тоа што ние сметаме дека благодарение, можеби се лажам, но благодарение на оние искажувања што ние ги искажавме, иако јас бев сигурен дека претставникот на Владата на Република Македонија ќе го прифати амандманот. Значи, некоја поука зела од дискусиите, па

собра да го одбие амандманот. Значи, воопшто не барав таа да го образложува зошто и како го одбива амандманот. Тоа беше само наша констатација.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Право е на Владата на Република Македонија, на претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе како што смета.

Следен за збор е јавен, има уште реплика, во ред. Стојановски Блаже. Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да, од една страна се изјаснува претставникот на Владата на Република Македонија дека не сака да го обрзложува одбивањето, причините за одбивањето на согласноста за овој амандман, а од друга страна искажува мислење дека тој е уставен, односно дека не треба да се води расправа за неговата уставност или неуставност. Тоа значи дека Владата на Република Македонија по службена должност, по функција, како државен орган е должна да води грижа за почитувањето на Уставот. Навистина, ова е непримерен начин на кој што се однесува Владата на Република Македонија кон овој Парламент.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За збор е јавена госпоѓа Каролина Ристова. Повелете.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитувана поптреседателке на Собранието на Република Македонија, почитувана заменик министерот за правда, почитувани колеги и колешки пратеници,

Јас се јавив по текстот на амандманот еден, бидејќи сметам дека дискусиајта логично, секој добар законодавец на кој што сметам дека ние треба да претендираме да бидеме, треба да се одвива на две нивоа.

Првото ниво е дали содржината на текстот на амандманот е уставна или не е уставна, прашање кое што мислам дека сосела легитимно го наметнува опозицијата и

Второто прашање е дали самата содржина, самиот текст е добра или лоша законодавна политика. Бидејќи првото прашање е многу поспорно, јас ќе

тргнам од обратен редислед иако правно е подобро прво да се зборува дали е уставно или неуставно. Ако се расчисти дека е, тогаш се преминува дали е добра или лоша законската политика. Меѓутоа, бидејќи сакам да полемизирам со аргументите на опозицијата за уставноста на амандманот, прво ќе тргнам по обратниот редослед, да кажам дали е добра или лоша законодавна политика. При тоа, нема да навлегувам толку во моезто сопствено мислење дали сметам дека пензионирањето треба да биде основ за престанок на функцијата член на Републички судски совет, какви последици тоа ќе има во функционирањето на Републичкиот судски совет. Само сакам да истакнам дека овде, на ова прашање може да се истакнат и аргументи за и аргументи против. Аргументи зошто е добра законодавна политика, или пак аргументи зошто не е. Во денешната расправа ме зачудува што од таквите аргументи, од спротивставените позиции беше изнесено само во однос на онаа аналогија или компарација дали има логика и дали е праведно, ако постои за судиите престанок на функцијата по однос на пензионирање, дека би било логично и праведено тоа да биде така регулирано и кај Републичкиот судски совет. Мислам дека основното прашање за законодавната политика и затоа нема да навлегувам во моите аргументи што сметам, јас можам во себе да се борам дали е или не е, меѓутоа, основната поента за законодавната политика е дека законодавната политика секогаш е практично прашање за кое одлучува власта и врз основа на тоа, бидејќи го има мнозинството, а законите во парламентарната демократија се носат така и врз основа на тоа дали таа законодавна политика ќе се покаже како добра или лоша власта си ги сноси своите последици во смисла на одговорност на изборите.

Значи, прашањето на законодавната политика мислам дека е доволно покриена на овој начин. Да се вратам на основното прашање, прашањетсо за уставноста кое што според дискусиите на опозициајта најспорно. Бидејќи сметам дека амандманот е уставен, значи ќе ги изнесам своите аргументи наспроти аргументите на претставниците на опозицијата кои се јавија за дискусија. Од дискусиите на опозициајта произлегува дека всушност уставноста ја побиваат со аргументите дека мандатот, односон членот 104 предизвикува само мандат на истакнати правници, го регулира прашањето на должината на мандатот. Мене, искрено да ви кажам ова ме збунува, затоа што овие одредби кои што како аргументи се користат, по својата правна природас се одредби што се однесуваат на изборот на членовите на Републичкиот судски совет и траењето на функција, бидејќи мандатот на тоа се однесува што е друг институт во однос на изборот,

меѓутоа не се однесуваат на правниот институт престанок на мандатот. Како што слушнав, практично значи аргументите одат, се користат одредбите, практично за аргументирање против позицијата дали е уставен амандманот, а самиот амандман се однесува на престанок на мандатот на членовите на Републичкиот судски совет. Мене, тоа да ви кажам искрено не ми е логично и е погрешен пат на аргументирање.

Што ако престанокот на мандатот не е регулиран како институт, не е регулиран со Уставот, тогаш за нас, како законодавец се постапува прашањето што со овој правен институт во однос на функцијата член на Републички судски совет.

Ако земеме добро да го проучиме Уставот и да го прочитаме, ќе видиме дека во однос на други уставно предвиден институции Уставот зазема различни позиции. Еве на пример, во однос на нас пратениците, институтот избор е регулиран со членот 62 став 5 на еден општ начин. Јас овде нема да ги читам во корист на времето. Исто прашањето се префрла на законодавецот, а престанокот на функцијата пратеник се регулира со член 65. За друга уставна предвидена функција или институција ако сакате, судиите, изборот не е воопшто регулиран. Прашањето се префрла како законодавна материја, значи се остава на законодавецот, а се регулира само прашањето на престанокот, односно како што пишува разрешувањето од функцијата судија во членот 99.

За претседателот на државата уште еден пример, изборот е регулиран во член 8, а престанокот е регулиран во член 82. Значи, она што можеме да заклучиме е дека уставотворецот има различен пристап. Ние може да спориме сега дали е тоа добра номотехника или не во однос на институтите избор, траење, мандат во однос на различни институции во нашиот уставен поредок.

Следното прашање, тоа што за нас како законодавец се поставува е ако Уставот не го регулира прашањето за престанок на мандатот, дали ние како законодавец можеме да го направиме тоа, со што практично доаѓаме до прашањето дали тоа би било уставно или неуставно. Сите знаеме дека кога се цени уставноста, таа се цени од формално правен аспект, значи дали во донесувњето на законот ја запазуваме процедурата според која што треба да се донесе законот, а овде мислам дека формално правната уставност никој не ја спори, нема да се задржам на неа, и материјално правната уставност, односно самата содржина што всушност овде се спори.

Прво, морам да ви кажам дека не ми е јасно зошто пратениците од опозицијата, би ми било драго да се разјасни тоа спорите дека практично решението по материјално правен не е уставно, односно со други зборови велите ние не

можеме да го предвидиме бидејќи не е законодавна материја, зошто тоа го спорите, кога истовремено ништо не кажувате дека самиот институт престанок на мандатот за членови на Републички судки совет е веќе законодавна материја, регулирана во членот 9 од Законот за репуглички судски совет. По моја логика, ако спорите дека не може да се предвиди престанок на мандат по основ на пензионирање, тогаш треба да го спорите целиот член 9, бидејќи членот 104 од Уставот ни тие работи не ги регулира, каде во членот 104 од Уставот се вели она што се вели во членот 9 од Законот за Републички судски совет. А, тоа е дека на членот на РСС функцијата му престанува ако поднесе оставка, членот на Советот ќе биде разрешен ако биде осуден на кривично дело со безусловна казна од најмалку шест месеци или кога трајно ќе ја загуби способноста да ја врши својата функција, што го утврдува Советот врз основа на наод, мислење на надлежна здравствена комисија.

Значи, мене би ми било логично, да повторам, ако вие спорите дека ова може да биде законодвна материја, треба да ја спорите уставноста на членот 9, целиот член 9 од Законот за РСС. Ако така ригидно го толкуваме членот 104 од Уставот дека Уставот само предвидува дека треба да бидат истакнати правници, добиваат мандат од шест години, со можност за повторен избор, тогаш во контекст на членот 9 ќе ве прашам за нас, како законодавци каде се регулирани ситуациите ако на пример во текот на мандатот нема да има можност, јас им пожелувам секако добро здравје, ако некако се случи на некој член на РСС се разболе, се случи да изврши кривично дело и т., значи она што е регулирано. Тоа не го предвидува Уставот.

Поентата ми е дека вие членот 104 го толкувате како мандатот и престанокот да се апсолутни категории. Дека, откако ќе ве изберат, до престанокот на мандатот како мандат, што се вели ни Господ не може да ги смени членовите на РСС. Дури ни во случај на губење деловна способност, дури ни во случај на болест, во извршување на кривично дело и тн.

(Дофрлања од страна на пратениците).

Не знам зошто реагирате.

Прашањето е дали е тоа законодавна материја или не. Тука се решава прашањето дали тоа може со закон да се регулира или не. Ако ги регулирате основите за престанок на мандатот со закон, во овие случаи тогаш додавањето на нов основ е само дискусија за тоа дали е мудро решение, дали е добра законодавна политика или не. А за тоа, како што веќе истакнав, сноси последици оној кој е креатор на законодавната политика.

Само на крајот би сакала да кажам дека, исто така, не ми е јасно зошто во претходната општа дискусија цело време се зборуваше за конкретниот состав на РСС, во врска со амандманот 1. За постојниот РСС, за постојниот персонален состав, за него се однесува амандманот 2. За тој амандман и за таа линија на дискусија ќе се јавам по тој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јавува господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Мислам дека колешката Ристова ја начна вистинската тема, затоа што основното прашање за кое што јас дискутирав е дали се работи за уставна или законска материја. Ако дилемата е тука, зошто тогаш да не почнеме со член 9 од Законот за РСС? Да побараме дали Уставниот суд ќе се произнесе дали е законит престанокот на работен однос, односно мандатот на членовите на РСС, предвиден во членот 9 од Законот за РСС, или не, па потоа да имаме чиста ситуација при донесувањето на ваков закон. Затоа што ќе спомнам една многу битна работа во овој момент што цело време виси во воздухот. Тоа е дека со ова се прави опасен преседан.

Ќе напомнам само дека со членот 82 од Уставот на РМ е предвидено мандатот на претседателот на државата да може да му престане во случај на смрт, оставка, трајна спреченост да ја врши функцијата или престанок на мандатот по сила на Уставот. Ако е тоа така, значи не е предвиден престанок на мандатот поради исполнување на услови за пензија, по оваа логика тоа не е забрането. Дали тоа ќе значи дека со закон ние може да кажеме, доколку претседателот има над 65 години, дека ги исполнува условите за пензија и на тој начин ќе му престане мандатот?! Или, доколку тоа не е така, дали со закон, покрај исполнување услови за старосна пензија, зошто зборуваме за старосна пензија? Зошто не зборуваме за целосна пензија. Што ако тој има 40 години работен стаж, ако веќе одиме согласно Законот за работни односи?

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Само кратко.

Токму поради тоа ги дадов сите овие примери. Поентата беше дали е уставна или законска материја, како што колегата Блажевски кажува. Ако Уставот некој институт исцрпно и сеопфатно го регулира, тогаш ниту мнозинството во законодавниот дом не може да интервенира иако смета дека можеби тоа е лоша политика на уставотворецот. Значи, кога е исцрпно регулирано, тогаш немаме право на интервенција, односно овој пленум мора да се претвори во уставотворец, да го менува Уставот и тн. Овде е случајот сосема поинаков. Преку институтот престанок на мандат не е регулирано, освен што траењето на мандатот, по својата правна природа може би вклучува еден момент, а тоа е самото траење. Значи, временскиот момент. Меѓутоа, воопшто институтот престанок на мандат не е регулиран и тогаш во правото, по хиерархија на актите, значи законот доаѓа по Уставот, а оваа материја е отворена за регулирање со закон. Неслучајно ги кажав и другите примери во членот 9. Бидејќи, според вашето толкување испаѓа истакнат правник избран на шест години, нема да може ниту Господ да го смени дури ни во ситуација да изврши кривично дело.

Само уште една реченица во однос на Уставниот суд.

Колку што јас познавам како функционира правниот поредок на оваа држава Уставниот суд се изјаснува, барем во однос на законодавецот, по донесени закони. Тогаш, ако с одлуи од страна на Уставниот суд дека се работи за неуставен закон, тогаш ние ќе мора да го почитуваме тоа. А, однапред не можеме да прејудицираме и да се раководиме од тоа што Уставниот суд ќе одлучи, односно само ќе ја земаме нашата добра волја и да размилуваме дали е нешто во согласност или не. Но, во системот на институциите крајниот збор го има Уставниот суд, откако законот ќе биде донесен.

(Со седницата продолжи да раководи господин Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор за реплика побара господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас би сакал да реплицирам на колешката Каролина Ристова кога напомна дека со оглед на тоа што во членот од Уставот не е предвидено како настанува престанок на мандат на член на РСС, т.е. во Законот за РСС во членот 9, иако во Уставот не е предвидено, во постојниот Закон за РСС во членот 9 е предвидено кога престанува мандат на членот на РСС.

Во својата дискусија истакнав, сега само би повторил, а тоа е деа во овој член 9, практично се наброени условите непредвидливите услови кога престанува мандат на член на РСС. Додека стекнување услови за старосна пензија, тоа е предвидлив услов и, доколку уставотворецот смета дека треба да биде внесен овој услов, сигурно би го направил тоа, бидејќи условот е предвидлив. Условите што не се предвидливи, заради тоа не се ставени во Уставот на Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор за реплика има госпоѓа Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Само кратко.

На колегата да му реплицирам дека законодавецот секогаш себе може да се корегира, да се дополнува, а тоа го прави со амандмани.

Благодарам

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Мешков.

ЉУПЧЕ МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Навистина овде во Парламентот има голем број правници и многу од нив се впуштија во толкување на законот и на Уставот. Но, навистина ме зачудува леснотијата со која што многу од нас колегите се впуштивме во едни толкувања на највисокиот акт, што е светиња во правниот систем, а тоа е Уставот на Република Македонија, да кажуваме кој како мисли, дали вака требало или не иако за мене, Уставот, особено одредбите за кои дискутираме, се кристално чисти и јасни. Ако политичката потреба не ја направивме да биде приоритет на пред законот и пред правниот поредок мислам дека оваа дискусија ќе ја завршевме многу побрзо.

Се разбира дека претставникот на Владата не е должен да образложи зошто не го прифаќа амандманот. Меѓутоа, фактот што Министерството за правда, како еден збир на еминентни правници, кој го познаваат правниот систем и правниот поредок и во кои јас навистина верувам дека го познаваат и дека ја знаат својата работа, фактот што во текстот што го предложиле денеска во ова Собрание ја изоставиле таквата одредба, знаејќи дека следува амандман на тоа, навистина укажува дека работата е проучена и дека Рамковниот договор се имплементира и со понудениот текст и без усвојување на амандманот предложен од ова Собрание.

Се разбира дека не е проблем во Рамковниот договор. Неколку пати веќе беше кажано дека Рамковниот договор не предвидува временски рок во кој што треба да се имплементира, односно да се направи промена на сегашниот состав на РСС. Впрочем, Рамковниот договор не е акт со кој што можеме да го менуваме Уставот на РМ.

Излегува сега дека Рамковниот договор е приоритетен, па дури можеме и Уставот да го толкуваме поинаку, онака како што ги регулира Уставот овие работи. За мене како правник е многу чисто и јасно дека во членот 104, што употребува термин членови на РСС, уставотворецот се разбира можел да предвиди таква одредба. Да му прстане работниот однос. Но, тој таква одредба не предвидел. Предвидел за судиите. РСС, уште еднаш ќе повторам, не употребува термин судии на РСС, туку членови на РСС.

Предлагачот на амандманот рече дека во членот 104, став 2 се регулира времетраењето на мандатот. Точно така. Ако сега, со усвојување на амандманот кажеме дека може и пред време да му престане пред истекот на мандатот, тогаш јас велам како ќе се спроведе Уставот да шест години некој биде судија на РСС, а ние пред време да му го прекинеме мандатот. Значи, сега воведуваме една нова уставна или законска норма, а тоа е дека на РСС мандатот му трае три години или четири години, а не шест години како што вели Уставот. Тоа е една рабта.

Втора работа, ако се усвои предложениот амандман, тогаш мора да се направи некоја друа измена на Уставот. Сега ние го ограничуваме правото на одредени еминентни правници што се со 67 и 68 години да не можеме да ги избираме, да не можат да бидат членови на РСС. Значи тоа е една нова измена што со усвојување на амандманот апсолутно се наметнува потреба од соодветна измена и на членот 104.

Да не зборувам сега, на просечен правник му е јасно дека со закон не може да се менува устав. Апослутно сум убеден дека и самото Министерство за правда со

тоа што не го прифаќа амдманот, по мое длабоко убедување е во право, така што мислам дека прифаќањето на амандманот ќе биде во спротивност со Уставот на РМ и затоа јас сум против прифаќањето на тој амандман.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Бидејќи претходно зборував по Предлогот на законот, сега би сакал по амандманот. Ќе бидам прилично краток.

Уште еднаш сакам да потенцирам дека амандманот е противуставен и од тие причини и Владата не го става во законот. Мислам дека колегите пратеници од позицијата што го поднеле, и ним им е јасно дека амандманот е противуставен. Мислам дека и на сите пратеници им е јасно тоа.

Се работи за нешто друго и не треба многу да се убедуваме, бидејќи Уставот ги решава статусните прашања за Судскиот совет, Уставен суд, Влада, пратеници каде што нема ограничување или одзимање на мандат по основ на исполнување на старосна пензија. Тоа е решена работа, толку јасна и не треба никого да боли дека Уставот не ги решава овие прашања.

Тоа што зборуваше колешката Каролина, сметам дека е сосема неисправно и неточно. Дали еден член на Судски совет не можл ни Господ да го смени за шест години. Заправо дека никој не може да го смени освен ако не му биде одземен мандатот, а се знае кога се одзема мандат. Како го стекнал и на кој начин, кои се причините за одземање. Во друг случај никако не може да му се одземе, освен ако самиот побара такво нешто. Ниту еден човек не може да биде принуден да врши некоја работа ако тој не сака. Само во тој случај и тоа е регулирано во Уставот, тоа е став 3 од членот 104, каде што членовите на Судски совет имаат мандат и истиот им го одзима Собранието. Ништо повее.

Нема што да зборуваме ако ги исполнува условите, бидејќи тоа е колективно тело. Не е рамен на судија. Нема ништо со судството. Ако бил Судскиот совет во главата на судовите, тогаш немаше да има закон за Судски совет. Тоа ќе беше регулирано во Законот за судовите. Туку, тоа е посебна институција, надвор од судовите и не може да се третира дека ја дели судбината со судовите, со судиите каде што зборува за поединец. Кога ќе го разгледаме Уставот во однос на судовите,

на судијата му престанува мандат, на судија кој ги исполнува. Од тие причини сметам дека амандманот е противуставен, без да се впуштам во неговиот текст и ќе гласам против истиот односно ќе ја напуштам седницата кога ќе се гласа за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Овој пат, во сегашнава моја дискусија нема да се осврнувам на аргументите што говорат, што одат против предложениот амандман од почитуваните колеги пратеници, бидејќи до сега многу беше кажано за тоа дека тој амандман, односно тие амандмани се апсолутно противуставни и не треба да бидат составен дел, односно да се изгласаат во рамките на Законот за измена и дополна на Законот за РСС.

Јас сега само сакам да се извинам на заменик министерката за претходното нејзино реагирање по повод нашето поздравување на ставот на институцијата односно органот кој таа го претставува Владата на РМ, да не го прифати амандманот од предлагачите, да биде составен дел на законот,да не го свати таа лично, можеби, да не би трпела некои последици. Ние го поздравивме само ставот на институцијата која таа ја претставува овде, во моментот во Собранието. Јас и господинот Караџоски што седна овде до мене сметавме дека е исправен тој став, бидејќи е резултат на еден сублимат, на една, би рекол правна машинерија која работи во составот на Министерството за правда и во рамките на стручните служби на Владата. Еден таков амандман да се одбие од претставникот на Владата, тоа не е резулатат на заменик министерката, тоа е став на Владата.

Сега би сакал, само накратко, без погрешно да бидам сватен од страна на моите уважени колеги пратеници кои се предлагачи на овие амандмани и ненавлегувајќи во нивното уставно право да бидат предлагачи на амандманите, само да ја прочитам нивната професија. Тоа се господинот Ејуп Рустеми, електроинжинер, госпоѓата Теута Арифи, госпоѓата Лилјана Ивановска, архитект..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, тука сме 120 пратеници. Не дозволувам дисквалификација по стручно образование на било кој пратеник.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Не се работи за дисквалификација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По тој основ, следниот закон е за енергетика и вие немате право да дискутирате и да поднесувате амандмани.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

И нема да дискутирам, или ќе се ограничам од правото да предлагам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, вие го кажавте вашето мислење, јас сум должен да ве упатам на фактот дека таква дисквалификација не дозволувам.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Нема да ги читам, само ќе кажам дека од групата предлагачи само еден е дипломиран правник.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во својство на пратеници се потпишани.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Реков јас, на почетокот се оградив господине претседателе, дека не навлегувам во нивното уставно право. Сакам да кажам дека од групата предлагачи само еден е правник, а се впуштивме во дискусија, а во една сериозна работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По тој основ Собранието нема кворум да го носи Законот за судски совет затоа што нема 60 пратеници, правници во Собранието. Немојте пратениците да ги дисквалификувате.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Добро.

И на крајот би завршил дека не се соглассувам со тезата произнесена од некои дискутанти овде дека нема пречка, најпрвин да го донесеме законот, па ако сме згрешиле, ако истиот е неуставен, да се поведе постапка пред Уставен суд, па тој на крајот ќе се произнесе. Ние однапред треба да укажеме, тоа е право и на опозицијата и  на позицијата на секој совесен пратеник овде, да укаже на очигледна неуставност, или несогласност на амандманите со Уставот. Ако чекаме прво пациенот да умре, па после да го лечиме тогаш веќе не сме завршиле никаква работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да дадам пауза, дозволете ми да се извинам дека неможев да ја водам седницата половина час, заради некои обврски.

Господинот Коце Трајановски, ме обвини дека ја држиме седницата без матичната комисија и ЗПК да ја гледале и да поднеле извештај за оваа точка.

Господине Трајановски ви укажувам дека на 28 мај тие две комисии го гледаа амандманот, и двете поднесоа извештај кој веќе два дена стои на вашата работна маса, а ако ги немате еве ви ти доставувам за да можете да ги прочитате. А тоа што ме обвинивте дека без расправа и без извештај ги гледаме не е точно.

(Пауза до 15,00 часот.)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот).

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине претседателе пред час и половина доставивме и до вас една иницијатива. Таа иницијатива се појави..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трендафилов ја имам иницијативата. Согласно Делвоникот ќе постапам, не е дел од оваа седница.

Има збор господин Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас чекав, не знаев дали ќе ја продолжиме оваа седница или ќе се постапи по таа иницијатива. Од тие причини чекав да заврши господинот Трендафилов.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред час и половина се буневте дека амандманот е поднесен пет дена пред седница и не чини така. Сега барате веднаш да прекинеме седница.

Има Деловник за таа работа и во рамките на Деловникот..

Господине Блаже Стојановски, имате збор.

Господине Трендафилов немојте да го ометате редот во салата, како што по обичај го првите тоа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Имајќи предвид дека се работи за прашање кое од исклучително значење за РМ, за македонскиот народ, особено МПЦ, мислев дека ред е и за тоа да продискуираме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стојановски, сакате правокација или сакате расправа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не, не. Се враќам на Предлог-законот за Републички судски совет, односно амандманот кој е предложен по овој закон.

Сакам да искажам едно чудење од начинот на кој се образлага овој предлог закон односно амандманот кој е поднесен затоа што Предлог-законот беше образложен и јасно беше искажан од страна на Владата дека е заради имплементација на Охридскиот Рамковен договор, односно имплементација на амандманот 14 од Уставот на РМ, според кој тројца членови на Републичкиот судски совет треба да бидат од редот на заедниците кои се над 20% во РМ. Таа имплементација, еден од пратениците се обиде да да ја аргументира, со тоа што ние, нема потреба поднесуваме амаднман, меѓутоа ќе го поднесеме затоа што ние така сакаме, така беше некако кажано. Јас сметам дека не треба никој да сака или не сака. Имаме Устав на РМ и тој Устав треба да се почитува. Аргументите од правен аспект кој ги искажа во расправата по Предлог-законот беа јасно искажани за да може секој правник во РМ, освен оној кој размислува на политички начин, да биде убеден дека ова што се прави е нешто што претставува политичка потреба, а не правно издржана активност.

Пратеникот што го спомнав, спомна дека било потребно имплементацијата на амандманот 14 од Уставот на РМ да се изврши по пат на уставен закон, но бидејќи таков не бил донесен, тоа се прави на овој начин. Значи доколку со уставен закон тоа не е регулирано, тоа можело да се направи со закон кој не е уставен. Тоа значи дека директно се врши дерогација на уставните одредби кои се однесуваат на ова прашање, особено имајќи го предвид фактот дека основот за престанок на мандатот се поврзува со престанок на работен однос. Имено, како што спомнав и претходно, мандатот на судиите е неогранижен, согласно Уствот на РМ. Неограничениот мандат на судиите не може да биде доживотен, затоа што доживотен мандат не постои, туку тој е ограничен на години на живот кои се соодветни на старосната пензија што ја има согласно Законот за работни односи. И тоа решение е деликатно од уставен аспект, меѓутоа, тоа е донесено и сметам дека околу тоа прашање треба да се позанимаваме во некоја друга прилика бидејќи условите за старосна пензија неможат да бидат услов за престанок на мандат, туку може да биде, евентуално согласно Уставот определени години на старост, затоа што старосната пензија се менува само со измени на Законот за пензиско инвалидско осигурување. На тој начин, на мала врата е оставено решение, со Уставот да може старосната граница, за престанок на мандатот на судиите, да се менува согласно одредбите од Законот за инвалидско пензиско осигурување, односно старосната пензија биде на 63 години,

тогаш престанокот на мандатот на судиите би бил на 63 години. Ако биде на 65 години, тогаш престанокот на мандатот би бил на 64 години, што значи дека уставна материја, материја која треба да се регулира со Уставот, се овозможува на овој начин да се регулира со закон, не со устав.

Исто така, во однос на работниот однос ако веќе се работи за исполнување на услови за пензија, аргументот кој се дава како аргумент на оваа седница, од страна на предлагачите, односно исполнување на услови за старосна пензија, претставува услов за престанок на функцијата. Мислам дека едно со друго не оди, од причина што старосната пензија е еден основ за престанок на работниот однос, исто како што е и наполнувањето на определен број години на работен стаж, односно 40 години работен стаж. Значи тоа е остварување на услови за пензија. Ако се работи за исполнување на години на живот, тогаш треба точно да бидат наведени годините кои треба да ги има лицето на кое би му престанала функцијата, со оглед на оценката на уставотворецот, односно носителот на Уставот.

Работниот однос не може да се споредува со мандатот на избраните функционери. Доколку наметнеме теза со донесувањето на ваков закон, со тоа што работниот однос, односно го спроведеме мандатот на работен однос кој престанува согласно одредбите кои се однесуваат на престанокот на работен однос, како што е исполнувањето на услови за пензија, навистина јас не ја гледам логиката на уставните решенија кои се однесуваат на престанок на мандатот на претседател на држава, на престанок на мандатот на пратеници или на престанок на мандатот на министри, премиер и тн. Сметам дека еден од овие случаи или многу битен случај за кој навистина треба да размислат стручњаците од оваа област, при евентуални реформи на судството, како што беше искажано во претходните дискусии, е и начинот на третман на мандатот на судиите, затоа што одредбата која се однесува на исполнувањето на услови на старосна пензија, како што кажав пред малку, отвора можност за менување на годините на старост во кои може да им престане работниот однос на судиите.

Исто така, која би била смислата на одредбите за именување и разрешување на јавни функционери, доколку именувањето на тие функционери е од определено со Устав начинот на именување, а имплементацијата на тие одредби се врши по пат на законски решенија, додека разрешувањето е децидно утврдено со Уставот и точно се знае кои функционери, односно кои мандати на кој начин престануваат. Во овој случај Уставот не одедил начин на престанок на мандат кој што сега се сака да се одреди по пат на закон и со самото тоа се прави еден преседан во кој што може

согласно политичките потреби на било која идно мнозинство во Парламентот, идна Влада која што би егзистирала лможе да се стави како основ за престанок на мандат, исполнување на услови за старосна пензија. Тоа пред се сакам да го истакнам во поглед на одредбите кои што се однесуваат на престанокот на мандатот на претседателот на Република Македонија и особено на членовите на Уставнот суд кои што директно треба да одлучуваат, евентуално во иднина по ова прашање. Јас се надевам дека и претседателот на државата ќе го увиде овој аргумент и согласно овој аргумент нама да дозволи да помине незаконски, неуставен закон потпишан од негова страна и да биде истовремено објавен во “Службен весник на Република Македонија” туку сметам дека имајќи ги предвид сите овие аргументи а и останатите аргументи кои што ќе бидат дадени од страна на другите правни стручњаци, експерти од нашата држава да не го потише овој закон да го врати на повторно разгледување со цел навистина имајќи ја  во предвид потребата од јавна расправа по ова прашање да се дојде до еден единствен заклучок кој е неминовен од сето досега искажано а тоа е дека неуставноста е евидента.

Сметам дека импелентацијата на Амандманот ЏИВ од Уставот на Република Македонија е застапена и со самиот факт што петмина претставници од сегашниот состав на Републичкиот судски совет се избрани со мнозинство и од заедниците кои што ја претставуваат над 20%  во текот на нивниот избор, а имајќи го во предвид фактот дека мандатот трае шест години, имплементацијата на одредбата која што беше предложена од Владата, за која сме сите согласни дека треба да се усвои, односно тројца членови на Републичкиот судски совет да бидат избрани од редот на членовите на претставниците на заедниците кои претставуваат над 20% од етничките заедници во Република Македонија, е навистина исправна и таа треба да претставува основ за по истекот на мандатот од 6 години да бидат именувани, односно избрани членови на Републичкиот судски совет и зо мнозинство и со претставници од оваа етничка заедница.

На тој начин во целост би се остварила имплементацијата на Амандманот ЏИВ од Уставот, кој претставуваше основен аргумент за реализација односно за предлагањето на овој Предлог-закон од страна на Владата до ова Собрание.

На крајот сакам уште еднаш да истакнам дека овој предлог за измена на предложениот закон, измена на Законот за Републичкиот судски совет, не претставува ништо друго туку обид на полесен начин да се сменат членовите на Републичкиот судски совет, дека од тоа е мотивирано од политички причини, дека целта е да се изменат членовите на Републичкиот судски совет, да се поставаат лица

кои се членови или блиски до владеачката структура, односно до партиите СДСМ, ДУИ и ЛДП и на тој начин да се именуваат судии кои ќе бидат договорени во меѓукоалициска спогодба меѓу овие три партии.

Исто така, особено битен момент во тој дел претставува и фактот што од овој Парламент не беше прифатен еден предлог за судија на Уставнот суд на РМ кој беше предложен од страна на Републичкиот судски совет, а сон измените на членовите на Републичкиот судски совет, јас сум сигурен дека овде би имале некој друг предлог, не знам со какво име и презиме.

Истовремено влијанието на  Републичкиот судски совет би се искористило за доведување на судството во една политичка зависност која што длабоко ќе се реперкуира во однос на независната работа на судиите и би постоел стално еден демоклов меч, така да се изразам, над нивните глави во поглед на начинот на решавање на определени судски предмети кои што директно се интересни за владеачката структура. Сметам дека Уставниот суд исто така треба да биде гарант дека ова нема да се дозволи и преку претседателот на Република Македонија , преку Уставниот суд на Република Македонија и преку совеста на сите нас тука во Собранието на Република Македонија нема да дозволиме и да отстапиме од правецот на градење навистина на независно судство, а имајки ја во предвид и потребата од целосна реформа и на судскиот систем кој што е предмет на опсервација и на анализа и на планирање на Владата на Република Македонија преку Министерството за правда. Тоа би било она што сакав да го кажам. Јас сум благодарен на сите членови на Парламентот кои што ќе ги имаат во предвид овие аргументи. Иако сум свесен дека повеќепати досега преовладувала политичката директива, односно наредбата од некои повисоки политички структури, а не реалните аргументи кои што треба да бидат искажани на ова Собрание. А истовремено би апелирал доколку има потреба за измена во овој правец , тоа да се направи по една исклучително издржана стручна јавна расправа околу која ќе бидат изнесени ставови на сите релевантни стручњаци, експерти од оваа област во Република Македонија .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседател на Парламентот, почитувана заменик министер, почитувани пратеници, самиот факт дека денес имаме измена на Законот за

судскиот своет кој произлегува како обврска на Охридската спогодба каде што се прави имплементација на Амандманот 15 на Уставот каде во суштина треба три членови од Судскиот совет да се изберат со мнозинство на гласови на заедниците кои не и припаѓаат на македонската заедница, јас како пратеник во македонскиот Парламент сум и предлагач на Амандманот за кој станува збор, каде што се предвидува дека со исполнувањето на условите за пензија да им се прекине работата на вработените во Судскиот совет. Значи, не гледам ништо лошо во оваа насока, затоа што едно такво нешто со прекинот на работата кога се исполнуваат условите за пензија, го имаме и кај судиите и кај јавните обвинители. Затоа јас со свест го предложив овој амандман.

Што се однесува до тезата што ја даде пратеникот Краљевски, јас би му рекол нему дека јас навистина не сум електро инжењер , но тој како правник е добро да го прочита Деловникот на Парламентот каде ние како пратеници дека имаме само право да поднесеме амандмани, туку имаме право и да поднесуваме и закони , предлог на закони во макеоднскиот Парламент. Затоа ни најмалку не се сомнева работата на еден пратеник каква професија има и има право да предложи амандман, или нема право да предложи амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Аманданот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Жарко Караџоски бара процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Дозволете да го искажам ставот на Пратеничката група во однос на тоа како Пратеничката група ќе гласа, Од сите дискусии и од сите заложби кои што ги употребивме и на некњашната и на денешната седница и од однесувањето на претставниците на позицијата, па и на Владата јасно ни е дека овие амандмани ќе бидат изгласани од страна на позицијата, односно на парламентарното мнозинство. Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да даде белег во гласањето, со тоа што ќе се изјаснува за, или против и во знак на револт бидејки сметаме дека сите аргументи што ги изнесовме, сметаме дека ова е грубо кршење на Уставот и т.н. како што и кажавме, а со оглед дека на некој начин и се совпаѓаат составите на Владата по однос на неприфаќањето амандмани, ние Пратеничката група на ВМРО-

ДПМНЕ нема да учествуваме во гласањето ниту на амандманите, ниту на законот. Ние ќе ја напуштиме седницата по оваа точка.

(Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ја напушти седницата).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да преминеме на гласање, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Преминуваме на гласање.

Амандманот за додавање на нов член 1-а по членот 1 го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник. Гласале 62. Го поништувам гласањето и Ве повикувам повторно да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот за додавање  нов член 1-а по членот 1.

Отворам претрес по Амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Славица Грковска, Андреј Жерновски, Лилјана Ивановска, Теута Арифи и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

МЕРИ МЛАДЕНОВСКА-ГЕОРГИЕВСКА:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки н икој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. Сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои Амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не  бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници. Сите гласале за.

Во салата во овој момент имаме 64 пратеници присутни.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнвуање на Законот за Републичкиот судски совет .

Повикајте ја опозицијата која рече дека само за овој закон нема да присуствува.

Повикајте го и министерот за економија да дојде како претставник на Владата.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.

Во Собранието секоја минута го очекуваме да дојде министерот за економија.

Предлагам да преминеме на точка 10 за која во Комисијата има консензус, а потоа ќе се вратиме на точката 4.

Минуваме на точката 10 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија .

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор. (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 62 за и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија .

Минуваме на точката 4- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлго на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Спиро Мавровски:

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Мислам дека со ова дополнување на Законот за енергетика се регулира еден дел, а тоа е Регулаторната комисија, со што, согласно европските стандарди, треба да стане самостоен правен субјект, независен во своето работење и одлужување. Со овие дополнувања утврдуваме дека Регулаторната комисија ќе има својство на правно лице, што во претходниот дел го немаше, дека функцијата на Регулаторната комисија ќе се врши професионално и дека работниот однос на лицата кои ќе бидат именувани во Регулаторната комисија ќе мирува за време на нивниот работен однос.

Исто така, со овие измени и дополнувања влегува и формирањето на Комисијата за жалби и како ќе бидат определени членовите во тие комисии. Мислам дека сето тоа е вред, треба да се прилагодиме на европските стандарди и норми и дека така треба да ги разгледуваме работите.

Јас би се осврнал на нешто друго, за да можеме да помогнеме во работењето на Регулаторната комисија, поради што таа се формира за обезбедување на сигурно и безбедно снабдување на потрошувачите во Република Македонија со електрична енергија, за заштита на животната средина и природата, воведување и заштита на конкурентен пазар на енергија врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност. Но за да го обезбедиме сето тоа, ние треба да дискутираме за работи и по извештаи кои треба да дојдат од “Електростопанство на Македонија” и тоа на една посебна седница многу скоро. А тоа се:

Прво, престроктуирање на е “Електростопанство” во организација со одделни единици - тука би го одделил производството, преносот и дистрибуцијата, до каде е стигната со ова преструктуирање, затоа што ќе биде многу битно за оваа Регулаторна комисија да си ја врши својата работа.

Второто е либерализација на пазарот на електричната енергија, до каде е стигнато, затоа што знаеме дека крајните рокови, кога “Електростопанство на Македонија” мора да се прилагоди на европските стандарди за либерализација до 2006 година, кога дел од нашиот пазар ќе мора да биде понуден на европската берза на енергија.

Трето, остварување на плановите од кредитот од Светската банка за хидроцентралите, кој недозволиво доцни, состојбата со ХЕК “Козјак”, за која вчера слушнавме дека почнува браната да се полни со вода, а беше најавено дека првите коловати ќе ги добиеме во декември месец, но сега слушнавме од господата дека поради САРС-от следи некое одлагање до март месец. Дали причината е САРС, мислам дека не е баш така. Досега сме разговарале во Парламентот за зголемени трошоци на ХЕК “Козјак” и тука сме прифатиле одлуки Парламентот да учествува во тие зголемени трошоци. Но мислам дека и пратениците треба да знаат зошто се тие трошоци, кој ги прави и зошто се толку зголемени. И да нема дилеми, ние ќе треба да проговориме за енергетските планови на нашата држава, а гледам министрите вчера на нашите пратенички прашања одговараа дека “Чебрен” е влезен во некои планови на Министерството како енергетски објект. За таква работа, како човек кој ги познава добро овие работи, мислам дека воопшто не е точно. Имаше најави дека 12 години ќе има работа на РЕК “Битола” што мислам дека исто така е проблематично, доколку не се преземат некои чекори многу скоро и поради сите паушално изнесени оценки, би сакал да се направи анализа како се работело претходно и како сега се работи, односно да добиеме еден извештај од Владата кој ќе го разгледаме, кој што ќе биде со бројки за производството и трансферот на електричната енергија, за преливите во хидроелектраните, хавариите во рудниците и хидроелектраните, ремонтите, јавните тендери, откажување на готови потпишани договори за модернизација на турбините во РЕК “Битола”. Сето тоа е дел од она што утре треба да го понудиме со овие промени на Законот за енергетика. Господа пратеници, генералниот директор на “Електростопанство на Македонија”, сите вас вклучувајќи ме и мене, не нарече апаши и арамии кои сме краделе електрична енергија, но никој ништо не изреагира. Дали така треба да биде, не знам, јас мислам дека секој чесно што си ја плаќа електричната енергија не спаѓа во тие категории.

Би ве замолил бегло да не поминуваме на факти и вистини, да се грижиме за вработените и оние што го изгубиле здравјето во “Електростопанство на Македонија”, затоа што без нив и без енергија нашата држава за кратко време ќе бида на колена. А после тоа, господа, дали сте позиција или опозиција е многу малку важно, затоа што ќе ја немаме државата.

Затоа, апелирам и до Министерството и до Вас како пратеници едноставно да ја добиеме таа седница, на која ќе расправаме за сите затекнати и моментални состојби во “Електростопанство на Македонија”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклужувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 62 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале вкупно 55 пратеници, сите гласале за.

Молам службите да утврдат број на присутни пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите).

Гласањето не важи, во салата нема доволен број пратеници.

Пратениците што излегле од салата ги повикувам да влезат, за да можеме да гласаме.

(Во салата влегуваат неколку пратеници).

66 пратеници се присутни во салата.

Преминуваме на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале вкупно 67 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 на воведната реченица, за менување на член 3 за додавање нов став 5 по ставот 4, член 4 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 5 став 5 и на член 6 став 4.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 5 став 10, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Јордановски поднесе амандмани на член 5 став 2, на член 5 за менување на став 9 и на член 5 став 10 по кои, исто така, Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во воведната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам г. Илија Филиповски да се произнесе во име на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 и за додавање нов став 5 по ставот 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам г. Илија Филиповски да се произнесе за амандманот во име на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 5 по ставот 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам г. Илија Филиповски да се произнесе за амандманот во име на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам г. Илија Филиповски да се произнесе за амандманот во име на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 10 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам г. Илија Филиповски да се произнесе за амандманот во име на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам г. Илија Филиповски да се произнесе за амандманот во име на Владата.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2, поднесен од пратеникот Љупчо Јордановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, и тој станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 9, поднесен од пратеникот Љупчо Јордановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор по амандманот?

Има збор г. Љупчо Јордановски.

Зборуваме за член 5 став 9.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, тоа е околу месечниот надомест.

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Овој амандман е даден со цел, на некој начин, да се усогласат начинот на кој се определуваат месечните надоместоци за членовите во разни здравствени организации, управни одбори и комисии кои ги избира ова Собрание. Бидејќи Комисијата за жалби ја избира ова Собрание, сметаме дека е сосема логично и Комисијата за избори и именувања, како во случај на сите други избрани управни одбори и комисии да има права да го определува месечниот надомест на членовите на оваа Комисија, особено што со Законот се фиксира износ кој треба да го примаат овие членови, а ние всушност нема да знаеме колкав ќе биде обемот на работа и какви моментални  услови ќе биде во можност да определи. Тоа не значи дека Комисијата нема да ја следи сугестијата на предлагачот на законот онака како што е дефинирана во Законот. Но сепак, кога пред извесно време Комисијата донесе свој заклучок за лимитирање или за максималниот износ на овие надоместоци, сметаме дека една комисија што се избира од Собранието, преку ова надлежно тело, не може да биде исклучок.

На крајот, би сакал да кажам, сметам дека претседателот Борис Трајковски треба да поднесе оставка, бидејќи ја злоупотреби функцијата претседател на државата и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навредил граѓаните и ги повредил нивните основни права.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во Собранието има двајца пратеници кои ветија дека по секоја точка ќе го спомнуваат проблемот за г. Трајковски и за Свети Николе и тоа ќе го следиме. Јас можам да го применувам или за сите или за никој тој принцип. (Реакција "за сите"). Добро, по една реченица не создава проблем во времето.

Никој не бара збор, гласаме за амандманот.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Гласале 64 пратеници, 52 пратеници гласале за, 2 воздржани и 10 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Со оглед дека претседателот на Комисијата најави дека во иста висина ќе донесат одлука, суштински, практично, не се менува ништо, и наместо со закон, со одлука ќе се регулира истиот износ освен ако не се премисли Комисијата, па го смени износот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 10, поднесен од пратеникот Љупчо Јордановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа, од причина што Комисијата би требало да биде независна Комисија, значи влијанието на Владата и на министерствата ниту во стручниот дел апсолутно не би требало да постои.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да разјасниме. Амандманот на г. Љупчо Јордановски на член 5 став 10 ги менува зборовите "Стручна служба при Собранието на Република Македонија" со зборовите "надлежно министерство за областа на енергетиката", а истиот амандман од Законодавно-правната комисија претходно го прифативте, така што овој амандман ред е да се повлече.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи овој амандман е сличен со амандманот што е усвоен, јас го повлекувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, амандманот е повлечен. Инаку, г. Филиповски, во другиот амандман тоа се прифати.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 69 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Минуваме на точката 5. - Предлог за донесувањена закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност со Предлог на закон.

Предлог за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор г-динот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Со внимание го разгледав Предлогот за изменување и дополнување на закон за угостителска и туристичка дејност, кој на моја иницијатива беше разгледан од поголем број угостителски работници и главно реакциите по истиот се позитивни.

Со овој закон ќе се подобри јавниот морал и етика на однесување на посетителите на угостителско туристичките објекти и ќе се воспостави ред во ноќниот живот. Исто така, со Законот се врши категоризација на угостителско-туристичките објекти според возраста на посетителите и според услугите што се нудат во тие објекти.

Со измените се истакнува потребата и бурекџилниците да претставуваат дел од палетата на наброени угостителски објекти во член 16 од постојниот закон. Со тоа и тие како и останатите угостителски објекти ќе бидат со рестриктивно работно време, а не како досега да работат нон стоп со изразена активност и интензитет во доцните ноќни и раните утрински часови и притоа воглавно посетени од младата популација.

Исто така, со Предлогот на законот се допрецизираат и одредбите кои ја регулираат постапката за издавања на решенија за утврдување на минимално хигиено технички услови потребни за вршењето на угостителската односно туристичката дејност со тоа што сега барателот е должен да обезбеди согласност од Министерството за внатрешни работи дека се исполнети условите за заштита на јавниот ред и мир, против пожарна заштита, заштита од бучава итн.

Ново е тоа што со член 5-б изричито се забранува вршењето на угостителската дејност во угостителските објекти - ноќен бар, кабаре и диско клуб ако тој се наоѓа во колективна станбена зграда.

Исто така, ново е тоа што вршителите на угостителската дејност се должни и да поседуваат документи за набавените производи. Значи, се става ред и во овој дел, а со тоа по мое мислење ќе се зададе удар и на тн., сива економија.

Доколку не поседуваат документи за набавка на производите државниот пазарен инспектор ги одзема привремено производите до донесување на одлука од надлежен суд.

Посебно мојата дискусија ќе биде насочена кон понудените измени и дополнување на Законот со осврт на членот 21, кој по мое мислење овозможува разрешување односно колку толку ублжување на проблемите со насилството меѓу младите односно ќе се регулира начинот на посетата на ноќните локали од страна на малолетниците и младите.

Така со изменетиот и дополнетиот член 21 цитирам: “ во угостителските објекти се забранува узлужување на алкохолни пијалоци на лица со возраст под 18 години и нивна посета на ноќен бара и Кабаре. Притоа, вршителност на угостителската дејност е должен да ја утврди возраста на лицето врз основа на соодветна исправа и е должен на видно место во угостителскиот објект да истакне натпис со соодветна забрана”.

Со овој предлог на закон за угостителска и туристичка дејност и законот за тговија, кој е наредна точка на дневниот ред на денешната седница се оди со нопходна измена и дополнување на постојната законска регулатива и се преземаат

мерки за заштита на малолетниците, бидејќи ова прашање е актуелно и побудува огромен интерес во јвноста во нашата држава.

Со измените и дополнувањата на законот се презема акција за справување со насилството и малолетничката деликвенција која е најизразена доцна во ноќта на улица и во кафулињата далеку од очите и контрола на родителите.

Овој закон е само еден сегмент од акцијата од поширок општествен интерес која би дала позитивен резултат ако координирано се вклучат и родителите, училиштето, медиумите итн.

Поради сето тоа ќе го поддржам овој Предлог на закон за угостителска и туристичка дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-дин Прешоски.

Има збор г-дин Стојановски Нелко.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван г-дин претседател, почитуван г-дин министер, драги колеги.

Сакам неколку работи да кажам по законот за угостителска и туристичка дејност.

Претходниот колега ги спомна главните фактори кои ја детерминираат потребата од донесување на овој закон со кој што се врши главно дополнување на Законот за туристичка и угостителска дејност и се допрецизираат некои одредби со кои се регулира постапката за издавање на решенија со кои се утврдуваат кои се минималните услови за вршење на угостителска односно туристичка дејност. Меѓутоа, според мене главната причина и поттик за вака итно донесување на овој закон беа несаканите настани кои имаа и фатални последици за некои младинци, а кои беа последица на безмалку хаотичната состојба која владееше во оваа свера и алкохол можеше да им се точи и на малолетници без никакви последици на сопствениците на локалите, а локалите можеа да работат без никакви ограничувања, бидејќи инспекциските контроли за законите работење скоро да не постоеја или беа исклучително ретки.

Меѓутоа, тоа што сакам посебно да го истакнам во оваа прилика е следното.

Имено, тоа се фактите што познавајќи ги состојбите во некои други држави од Европа и бивша Југославија, со која често се споредува, оваа материја е многу пошироко нормирана и државите каде што туризмот и угостителството претставуваат значаен сегмент на нивната економија и значаен ресурс за нивниот иден економски развој ништо не е оставено на случајот и се е законски регулирано.

Во таа смисла имајќи го предвид фактот дека и нашите аспирации во областа на туризмот се релативно големи и дека тоа е наша стратешка определба би требало да се изработат и во Македонија посебни закони за туризмот и угостителството. Тоа би довело до поголема прегледност на законите во материјата кои тие ја покриваат, а со тоа би можело да се обезбеди и поголемо почитување и спроведување на законските одредби.

Во поглед на категоризацијата и видовите на туристички и угостителски објекти би требало да се определилме за повисоки критериуми кај квалитетот на услугите.

Потоа, кај добивањето на лиценца, која што се предвидува со овој закон, за обавување на туристичка дејност ги поддржувам релативно високите барања, но сметам дека би можело на едно од тие барања да му се даде и алтернатива.

Имено, покрај барањето доказ дека од вкупно продадените аражмани да има најмалку продадено 10% аражмани во странство, за кое нешто се приложува доказ од Управата за приходи, би можело да се предвиди доказ за можност алтернатива 10% од прометот да биде девизен, а доказот би можел да се добие во управата за јавни приходи. Логично е да се претпостави дека и со помал процент на донесени гости од странство може да се обезбеди поголем девизен ефект што во крајна линија би била и наша цел.

Во поглед на казнената политика за непочитување на законските одредби би можело во законски проект да се предвидат и построги санкции, што е практика и во некои други земји. Како пример да ги спомнам за непридржување на работното време и за точење алкохол на малолетници угостителот ќе се казни со партична казна од 500 до 3500 Евра, во Црна Гора или во Хрватска а во некои други земји на запад казната може да биде уште поголема. Секако не се мали и казните предвидени со овој закон, како што е затворање на објектот во траење од 90 до 180 дена, но сметам дека покрај ова можат да се предвидат и некои парични казни.

Исто така мој предлог би бил да се размислува за идните закони, за идните проекти во оваа област, за поинакви надзорни механизми кои ќе се грижат за спроведување на законската регулатива во смисла формирање туристички инспекторат кој би се грижел за почитување и спроведување на законите, или некој сличен државен орган, а не како што е во моментот се оставено на полицијата или на државниот пазарен инспекторат, а видовме ние дека долго време тие не ја обавуваа на задоволителен начин оваа своја задача. И сега повторно е така

екцесно, повторно ми се чини дека локалите почнуваат да работат кој колку сака и контролата за точење алкохол на малолетници не се почитува докрај.

Либерално демократската партија ќе го поддржи донесувањето на овој закон но препорачува да се размислува и делува за донесување на посебни закони во еден разумен рок.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодрам господин Претседателе,

Почитуван г-дин претседателе, Почитуван г-дин министер и колеги пратеници,

Пред извесен период од страна на група пратеници во ова Собрание беше поднесен предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност. Во таа прилика не се произнесов позитивно најмногу поради фактот што тоа беше предлог од нашите колеги пратеници, туку првенствено поради тоа што не содржеше одредени интегрални мерки односно главно се однесуваше на времетраењето на работата на угостителските објекти.

Денеска имаме нов предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителска и туристичка дејност, овој пат поднесен од Владата на РМ.

Овој предлог прави чекор напред во уредувањето на односите во угостителството и туризмот и според мене потребата за донесување на овој закон произлегува од причините и целата што треба да се постигне со применувањето на овој закон.

Меѓутоа, јас би сакал во оваа прилика, овој повод за изменување и дополнувањен а овој закон да го искористам, инаку ги поддржувам своите колеги целосно во ориентацијата и позитивните односи што ќе ги уреди овој закон, и јас се приклонувам кон оние мислења дека во оваа област можни се два издвоени закони и тоа Закон за угостителство и Закон за туризам.

Вака изнесеното мислење меѓу другото го заснивам на следните причини.

Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија У.Бр. 112 од 2001 година, која е конечно извршна забранува вршење на угостителска дејност во ноќните барови, диско клубови и кабареа во колективните станбени згради. Сега, во овој закон, за кој се надевам дека денеска ќе го донесеме се врши спроведување на оваа Одлука на Уставниот суд, што секако даваме пример како секоја власт особено

извршната и законодавната треба а се однесуваат кон одлуките на Уставнот суд на РМ.

Меѓутоа, она што сакам да го нагласам како размислување на Министерството за економија, кое за оваа проблематика мора да соработува и координира со Министерството за транспорт и врски е прашањето што со останатите бизниси во колективните станбени згради. Колку и да е непопуларно за бизнисмените, или поволно за станарите, мислам дека при уредувањето на оваа материја ќе мора да се тргне од член 8 алинеја 10 и член 43 од Уставот на РМ, но и од националната класификација на дејностите каде што во оваа група спаѓаат примерите на кафетериите, кафулињата, пивниците, винарниците итн. Тој однос мора да се расчисти, или условно кажано конфликт на интереси на бизнисмените од една страна и станарите од друга страна исто така мора да се разреши. Добро е тоа да биде на ничија штета, но дека ред и во оваа сфера мора да се воспостави дилеми нема. Така на римеp, со законски или со подзаконски акт треба да се расчистат и следните актуелни прашања, со кои граѓаните и станарите се соочуваат. Станува збор за следното:

Дали може или не угостителските дејности во угостителските објекти да се вршат пред и непосредна близина на колективните станбени згради. Мислам на познатата практика, угостителската дејност да не се врши само во угостителските објекти, туку и надвор во непосредна близина на влезовите на станбените згради за поставување на маси, столици, чадори за сонце, настрешници, тенди итн. Или друг пример дали заедничките делови и уреди на колективните станбени згради просторот пред овие згради и земјиштето што служат на една или повеќе згради, а се наменети како пристапен пат, паркиралишта, простор за отпадоци, простор за игра за деца може да се користат за вршење на угостителска дејност.

Ваквите според мене ни малку едноставни прашања мора да се разрешат, затоа што во практиката не само штом доаѓа до спорови меѓу граѓаните, туку очигледна е и коализија на правните норми. Одредбите на Уставот ги спомнав, Одлуката на Уставниот суд исто така ја цитирав, но со претстојните законски прописи или треба нешто битно да се менува во сегашната пракса во оваа област, или пак треба да се изменат слендите прописи. Членовите, 1, 2, 3, 4 и 5 од Законот за заштита на животната средина и природата донесе оваа година.

Член 2 од Законот за штетна бучава донесен 1988 година, 1990 година и 1993 година.

Член 2 алинеја 5 и член 50 став 1 од Законот за домување донесен 1998 година.

Член 101 и член 108 од Законот  за сопственост и други стварни права донесен 2001 година.

Според тоа, бидејќи одредбите на Уставот не може да се променат и интервениците во сите наброени закони не верувам дека е можна мислам дека по денешното донесување на Законот за изменување и дополнување на угостителската и туристичката дејност во релативно краток период неопходно е да се пристапи кон нов зафат, темелен приод и изработка на интегрален закон за угостителска дејност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците кои се излезени да влезат во салата, затоа што преминуваме на гласање.

Го заклучувам претресот.

За збор се јави Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, дозволете само да кажам како ќе гласа пратеничката група.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ова е за првата фаза.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Се едно.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го пддржи овој закон и ќе гласа за, иако во основа стојат сите забелешки што ги изнесе и колегата Каме Петров. Значи, со оглед дека целта и намерите на Владата се многу јасно изразени во законот особено во делот на заштитата на малолетниците, кое е навистина неопходно потребно преку оваа дејност, бидејќи на тој начин ќе се заштитат малолетниците, заради тоа и нашиот придонес по однос на донесувањето на овој закон ќе биде позитивен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам на Собранието да го усвоиме следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, и сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието се согласува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, од кои 64 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Предлогот е усвоен на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Коста Прешоски поднесе амандмани за менување на член 7; на член 9 за менување на став 2 и за додавање нов став 4 по ставот 3 и за менување на воведната реченица на член 13, по кој Владата не се произнела.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1 и 2; член 9 став 1 и за додавање нов став 4, по ставот 3, за додавање нов член 9-а по членот 9, за додавање нов член 10-а по членот 10; член 11 во новиот член 43 а, став 1: член 11 во новиот член 43-б; член 11 во новиот член 43 -в; член 12 во воведната реченица и за менување на ставот 2: член 13 за менување на став 2 и за член 14.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, бидејќи следува гласање.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 за менување на став 2 и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на воведната реченица, на член 13-а, поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 7 поднесен од пратеникот Коста Прешоски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе по амандманот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманот станува составен дел на Предлог законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

Законодавно-правната комисија има поднесено 10 амандмани, за кои се има согласено повереникот на Владата. Ако ги прифаќате сите може да констатирате со една изјава дека се прифатени сите 10 а ако не ќе одиме поединечно.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Со исклучок на амандманот поднесен на член 9, бидејќи тој е истоветен со амандманот поднесен од Коста Прешоски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро,

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 и 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Известени сме од г-динот Филиповски дека тој се прифаќа и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 и  за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од Законодавно-правната комисија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа бидејќи е соодветен на амандманот поднсен од г-динот Коста Прешоски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на тоа што амандманот кој е веќе прифатен од г-динот Прешоски.

Молам дали некој бара збор?

Има збор г-ѓа Цветанка Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Бидејќи претходно од страна на претставникот на Владата беше прифатен амандманот поднесен од страна на предлагачот Коста Прешоски, овој амандман е скоро со идентичен текст како на Законодавно-правната комисија, сметам дека нема потреба повеќе од дискусија за амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повлекувате амандманот.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Го повлекувам во име на Комисијата.

ПОПОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9 поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а по членот 10, поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија господинот Филиповски и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 43-а став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија господинот Филиповски и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 43-б, поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија господинот Филиповски и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 во новиот член 43-в, поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија господинот Филиповски и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 во воведната реченица и за менување на ставот 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија господинот Филиповски и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 2, поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија господинот Филиповски и тој станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 14, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со овој амандман се согласи претставникот на Владата на Република Македонија и тој станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештајот на Законодавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Петар Апостоловски.

ПЕТАР АПОСТОЛОВСКИ:

Господине претседател, господине министер, колеги пратеници,

Иако оваа измена и дополнување на законот за трговија е мала, по текст и членови, сепак има големо значење, заради материјата која ја регулира.

Имено, со предлагањето на оваа промена во Законот за трговија, Владата на Република Македонија предлага дел од мерките за заштита на малолетните деца од негативните појави, бидејќи со самата забрана за продажба на алкохолни пијалоци и цигари за малолетни деца, се дава акцент за штетното дејство на истите.

За штетното дејство на алкохолот и цигарите, пред се, врз младиот организам, не би сакал многу да зборувам, бидејќи на сите помалку или повеќе ни е познато, но сепак, некои работи кои се однесуваат на здравјето на младите, морам да ги потенцирам, затоа што и измената на законот за трговија е во функција на нивната заштита.

Сосема накратко би се задржал за штетното дејство на цигарите и тоа за најтешката болест, иако неговото штетно дејство е многу повеќе комплексно.

Се смета дека во 90% од случаите на рак на белите дробови го добиваат оние кои многу пушат. А губењето на здравјето од пушењето зависи од многу фактори. Пред се, од почетокот на пушењето, бројот на цигарите, како и од должината на пушењето. Овие два фактори кои се однесуваат за младите, се исто така, многу важни во теоријата за настанокот на карциономот на белите дробови.

Односот на заболувањето кај мажите и жените е интересен. Во почетокот беше девет према еден, а сега се намалува на шест спрема еден, со

тенденција оваа работа уште повеќе да се намалува, бидејќи односот на пушачи и непушачи меѓу мажите и жените исто така се изедначува.

Порано оваа болест беше привилегија на старите над 65 - 70 години, сега веќе заболуваат и младите, односно над 55 години. Но, морам да напомнам дека кај сите пушачи не се појавува рак на белите дробови, бидејќи за тоа треба и надворешни фактори и фактори кои се предиспонирачки.

Штетното дејство на алкохолот сите го знаеме и не ги сакал да зборувам за болестите кои се директно или индиректно поврзани со него. Но, сакам да го потенцирам неговото штетно дејство во однесувањето на младата индивидуа, односно асоцијалниот ефект што го има при формирањето пред се на карактерот на самата млада особа.

Со оваа измена на законот за трговија се предвидува цитирам, забранета продажба на алкохолни пијалоци и цигари на лица со возраст под 18 години.

Се надевам дека овој состав на Парламентот ќе оди уште подалеку, односно ќе донесе закон, каде што алкохолните пијалоци ќе се продаваат во строго специјализирани продавници, каде што ќе може полесно да се контролира и самата продажба.

За мене е апсордно да се продава алкохол таму каде што не му е местото, а за жал, такви продавници имаме многу. Само за пример се продава алкохол на бензинските пумпи, кои знаеме се во функција на сообраќајот, а од друга страна, ако зборуваме од аспект на безбедноста на соборакајот тогаш овие две работи не се поклопуваат.

Се надевам дека овој закон доследно ќе се применува, бидејќи јас не го сфаќам само како забрана за малолетниците да купуваат алкохолни пијалоци и цигари, туку и како порака за штетното дејство на истите.

На крајот, Владата на Република Македонија со предложениот закон еден дел од обврските кон малолетните лица ги исполни. Сега останува поширокта општествена заедница, пред се, се мисли на семејството, училиштето, а посебно на продавачите на алкохолни пијалоци и цигари, да ја сфатат суштината на оваа измена и сите да се приклучиме кон превентивните мерки за заштита на здравјето на малолетниците.

Затоа пратениците од Либерално демократската партија ја подржуваат оваа измена и дополнување на Законот за трговија и ќе гласаат позитивно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и му предлагам на Собранието на Република Македонија да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговијата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 66 пратеници, сите гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 за и 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлог законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 3 во новиот член 39-а став 1.

Отворам претрес по амандман на член 3 во новиот член 39-а став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Има збор господинот Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот гласале 73 пратеници, 72 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговијата.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување.

Немаме претставник на Владата на Република Македонија за овој закон, затоа одиме понатаму.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за земјоделска инспекција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

БЕСИР ЈАШАРИ:

Ценејќи ја тежината на овој закон, согласно членот 152 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија предлага законот за земјоделска инспекција да оди во две фази, со тоа што во денешната собраниска процедура да се расправата само за предлог на донесување на закон, од причина што во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во тек е подготовка на закон за заштита на растенијата, а кој е усогласен со законите и прописите на Европската унија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, само да потсетам или да повторам што кажа заменикот, го повлекува од процедура предлогот закон и го остава го процедура само предлогот за донесување на закон, што значи дека амандманите и расправа по текстот го враќаме назад, односно го повлекува Министерството, а отворам дебата само по предлогот за донесување на закон, доколку има забелешки.

Има збор господинот Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата на Република Македонија, почитувани пратеници,

Досегашниот закон за земјоделска инспекција, донесен во 1977 година кој што правно ја уредува материјата за вршење на надзор над извршување на законите и другите прописи и општи акти на органите на Република Македонија,од областа на земјоделството несоодветно ја регулира оваа материја, бидејќи со донесувањето на закон за организација и работа на органите на државна управа, меѓудрогото е уредена и организацијата, надлежноста и работата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односо инспекцискиот надзор го вршат само органите на државната управа во рамките на своите овластувања, поточно Републичкиот инспекторат за земјоделство продолжува да работи како државен инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Затоа се јавува потреба од донесување на нов закон за земјоделска инспекција, закон бо кој што ќе се изврши потребното терминолошко усогласување, меѓутоа и закон кој би требало да претставува вистинска правна рамка во сегашни услови за вршење на инспекциски надзор на спроведување на законите и другите прописи од областа на земјоделието.

Со предлогот на закон за земјоделска инспекција се уредува начинот на организирање, надлежностите и овластувањето на земјоделските инспектори, чија што надлежност се врши преку државниот инспекторат за земјоделство, кој пак преку своите државни инспектори за земјоделство, заштита на растенијата и за заштита на растенијата на граничен премин, врши инспекциски надзор на установите, рјавните претпријатија, трговските друштва, здруженија, физички и други правни лица, кои вршат дејност од областа на земјоделството.

Покрај редовниот инспекциски надзор и прегледи на земјоделско земјиште, земјоделски посеви и насади, евиденција на приплодниот и друг добиток, просториите и опремата со која се врши преработка и доработка, се до финалниот производ, зелен и сточен Пазар, земјоделска техника, заштита од пожари на земјоделско земјиште и слично, државните инспектори со понудениот предлог за донесување на закон, се овластуваат да вршат надзор во прометот на растенијата, производите, средствата и предметите и други работи определени со закон од областа на земјоделието и увозот, извозот, реекспортот и транзитот преку државна граница, а тоа е посебно значајно за стекнување на доверба и еднаквост со другите членки на Светската трговска организација, при тоа подигнувајќи го нивото на инспекциски надзор и увозот и извозот и намалувајќи ги можностите од евентуални

злоупотреби при вршењето на инспекциската контрола на самите гранични премини, а со тоа би се вовело и ред во оваа област.

Исто така, позитивна работа во овој предлог на закон е и тоа што трошоците од анализата, односно суперанализата ги плаќа субјектот од кој е земена мострата, само тогаш кога добиените резултати не одговараат на пропишаните стандарди и квалитет. Во спротивно, трошоците паѓаат на товар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во предложениот закон за земјоделска инспекција е предвидено поднесување на прекршочни и кривични пријави од страна на државните испектори, кога ќе констатираат дека правно и физичко лице пуштило во промет растенија, производи и средства без соодветна документација, без потекло и изминат рок. При тоа, со оваа одредба се заштитуваат земјоделските производители од евентуална набавка на неквалитетен семенски материјал, со што ќе се намалат штетните последици кои што до сега ги почувствуваа нашите земјоделски производители од неконтролираниот промет на сомнителни семенски материјали.

Во предлогот за донесување на закон за земјоделска инспекција е предвидена е последователна заштита на оштетените лица во случај кога инспекторот утврди дека со сторениот прекршок или кривично дело е остварена противправна добивка или настанала штета, тогаш сторителот е должен да ја надомести штетата на оштетениот.

Понатаму, треба да се истакне државните инспектори во вршењето на работата од својата надлежност, покрај своите редовни овластувања се должни да ги земат во постапка и пријавите и претставките од органите на државната управа од правни и физички лица и здруженија на земјоделци за повреда на извршување на законите и прописите во надлежност на Инспекторатот. При тоа, државните инспектори се должни да ги известат подносителите на пријавите и претставките за утврдената состојба и превземените мерки.

На овој начин се воспоставува еден вид механизам на взаемна соработка помеѓу Државниот инспекторат и категоријата на лица кои директно се заинтересирани за доследна примена на овој предлог за донесување на закон. Исто така, важен дел во предложениот закон за земјоделска инспекција се и високите парични казни, со кои се очекува да се стави ред во оваа област.

На крајот, сакам да укажам на предлагачот на овој предлог на закон, бидејќи оди во две фази да обрне внимание на членот 17 и членот 19 од Предлогот за донесување на Законот за земјоделска инспекција, бидејќи сметам дека овие се

два идентични члена. Единствената разлика е во тоа што во членот 17 зборот "инспектор", е заменет во членот 19 со зборот "земјоделски инспектори", додека во членот 4 од истиот предлог за донесување на закон се гледа дека по зборот "инспектор" се подразбира покрај другото и земјоделски инспектори. Затоа му предлагам на предлагачот да го брише членот 19 во предлогот на закон кој ќе следи по 60-тина дена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине претседател, господа министери, колеги пратеници,

Неопходноста од донесување на закон за земјоделска инспекција е повеќе од очигледен, бидејќи оваа материја е регулирана со Законот од 1977 година, во која сеуште стојат термините кои веќе не се употребуваат. Сите други измени од 1987 - 1980 година се во функција на казнените одредби.

Добро е што овој закон нема да се донесува по скратена постапка, туку во редовна процедура, за да може нашето законодавство да се решава со меѓународното законодавство.

Имено, Република Македонија како земја члена на ФАО има одредени обврски, а една од тие е и Меѓународната конвенција за заштита на растенијата од 1997 година, која всушност е ревидиран тек од Интернационалната конвенција за зашита на растенијата донесена во Рим 1951 година.

Во Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во 2000 година, согласно член 4 од Конвенцијата, формирана е Управа за заштита на растенијата, која ќе се грижи за здравјето на растенијата преку спроведување на санитарни мерки со сите пропишани стандарди.

Со ратификација на оваа Конвенција, Република Македонија ќе се здобие со статус на земја членка на Меѓународната конвенција за заштита на растенијата, со целосно преземање на обврските кои произлегуваат од Конвенцијата, а со тоа државата обезбедува целосна заштита на растенијата од постоење на ризик, односно на опасност од внесување и ширење на штеточини на растенијата и создавање на единствен фитосанитарен систем на контрола.

Затоа на крајот уште еднаш да потенцирам, пратеничката група на Либерално - демократската партија ја прифаќа иницијативата за донесување на овој

и те како значаен закон по редовна постапка, со кој ќе се имплементираат обврските што произлегуваат од европското законодавство, во кој Управата за заштита на растенијата и Државниот инспекторат за земјоделие ќе ги добијат своите обврски и ќе ги спроведуваат преку своите инспекциски служби.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. На Собранието на Република Македонија му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за земјоделска инспекција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и амандманите кои се поднесени, за кои не можеме да расправамем разгледајте ги исто така.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и поднесените амандмани од пратениците да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 гласале за и еден воздржан.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го усвои предложениот заклучок.

Почитувани пратеници, ни останаа две точки од дневниот ред, Владата на Република Македонија нема претставник за едната точка, предлагам тука да звршиме за денес, малку порано, ќе продолжиме во вторник во 11,оо часот.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот)